ООУ „КРСТЕ МИСИРКОВ" - Скопје

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ КРСТЕ МИСИРКОВ,

## ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ

## за период од 2022 до 2024




**јуни, 2024**

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | **ООУ „Крсте Мисирков“, Скопје** |
| Адреса | **Срeќко Пужалка 65а, Скопје** |
| Телефон, е-пошта | **022522398, 022527220, krstem@yahoo.com** |
| Период на подготовка на СЕУ | **2022 - 2024** |
| Број на ученици во училиштето | **536** |
| Број на подрачни училишта | **1** |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | **Наташа Тргачевска Мојсовски** |
| Потпис | |
| Датум | **19.06.2024** |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | **Коте Јанакиевски** |
| Потпис | |
| Датум | **19.06.2024** |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| 1.1. Планирања на наставниците<br>1.2. Наставен процес<br>1.3. Искуства на учениците од учењето<br>1.4. Оценувањето како дел од наставата<br>1.5. Воннаставни активности и натпревари |

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 1.1. Планирање на наставниците | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информаации кои се собрани |
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• планирања на наставниците;<br>• списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки;<br>• записници и списоци од состаноци на стручни активи;<br>• анкети со наставници;<br>• интервјуа со директорот, стручните соработници;<br>• извештаи од стручни соработници за следени планирања. | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Исто така училиштето со соработка со МОНи БРО задолжително според потребите и интересите на наставниот кадар обезбедува минумум две задолжителни обуки.По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Според спроведената анкета со наставници на прашањето *Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. 96,16 %* се согласуваат, на тој начин сите се навремено информирани и обучени за измените и иновациите во планирањата со примена на современи техники и методи при планирања на наставниот процес. Наставниците за реализираните обуки се здобиваат со сертификати и на ниво на стручните активи се врши десиминација и споделување на добри практики. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Во нашето училиште формирани се повеќе активи; актив на одделенски наставници, актив на природно –математичката група, актив на јазичарите,актив на општествено – хуманитарни наука. Наставниците од активите имаат изработено годишно планирање според кое се работи во стручните активи. На состаноците се разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, се вршат десиминации од посетени семинари,работилници,се реализираат отворени часови со добри |

| | | |
|---|---|---|
| | | практики, се користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства , од регионална и меѓународна соработка со други училишта според извештаите од стручните соработници за следење на планирања.<br><br>На анкетното прашање: Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието 98,08% се согласуваат што укажува на успешна соработка во стручните активи. Исто така и при извршеното интервју со директорот и стручните соработници постои многу позитивен став околу ангажираност и работата на стручните активи. |
| Индикатор 1.2. Наставен процес | | |
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• распоред на часови;<br>• е-дневник;<br>• педагошка евиденција и документација;<br>• списоци и извештаи од реализирани обуки;<br>• записници од состаноци на стручни активи; | Реализација на наставни планови и програми | Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Според прегледот на електронскиот дневник утврдено е дека сите наставни предмети се одржани според распоредот на часови.<br><br>Наставниците во нашето училиштето изготвуваат и работат според наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Континуирано се следат иновациите во наставата и се имплементираат во наставните програми. |

| | | |
|---|---|---|
| • анкети со наставници; ученици,родители/старатели;<br>• дискусии во форкус групи со ученици, наставници и родители/старатели;<br>• интервјуа со директорот, стручните соработници;<br>• извештаи од посети на наставни часови;<br>• решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби;<br>• записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик;<br>• извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ),<br>• извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција, вклучително и заеднички наставни часови;<br>• материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности; | | - Во документите за наставни програми постојат упатства и прирачници за реализација на наставната програма за одредени предмети<br><br>- Во учебната 2022-23 година наставниците од II и V одделение реализираат настава според новата концепција за основно образование , нов наставен план и нови наставни програми по предметите кои се изучуваат во II и V одделение донесени од БРО и МОН.<br><br>-Наставата по физичко и здравствено образование во I, II,III и IV одделение ја реализира предметен наставник во тандем со одделенскиот раководител.<br><br>-По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се релизира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми(CambridgeInternational Examination Centre), кои се адаптирани од страна на БРО и утврдени од МОН.<br><br>Во учената 2023 – 2024 год.наставниците кои предаваат во VI одд. наставата ја планираат и реализираат според Новата концепција донесена од МОН и БРО.<br><br>Согласно Законот за основно образование чл. 40, училиштето организира и реализира проширена програма.<br><br>Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава,<br><br>Согласно потребите на родителите, во нашето училиште организиран е продолжен |

| | | |
|---|---|---|
| • планирања за изборни предмети. | | престој за учениците од 1 до 3 одд. со претходно барање од страна на родителите и добиена согласност од страна на Министерството или основачот, и за истата е изработена програма за работа.<br><br>Според анонимната анкета со родители на прашањето Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот 100% се согласуваат |
| | Избор на наставни предмети | Во нашето училиште изборната настава на учениците им дава можност да ги прошират и продлабочат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности . Овој вид на настава е задолжителен, а учениците го следат согласно наставниот план и според тоа како ќе се изјаснат во претходно спроведена анкета.<br><br>Од минатата учебна година со новата Концепција за основно образование има поинаква организација во изборните предмети во однос на досегашната пракса за IV, V и VI одделение согласно Водичот за слободни изборни предмети, каде еден изборен предмет се следи во првото полугодие а во второто друг изборен предмет.<br><br>Листата на слободни изборни предмети од третиот изборен период ( решение 03- 125/1 ) се јавно објавени на училишната веб страна, како и слободните изборни предмети од вториот изборен период ( решение 03-125/2).<br><br>Според анкетата добиени се следниве податоци на прашањата: ученици Правам избор на слободни изборни предмети и активности во кои учествувам, кои се предложени и одобрени од бРО. Слободните изборни предмети и слободните изборни активности во кои учествувам ги избрав самостојно. 84,3 % се согланувaат но 13,22% не се согласуваат. Во анкетата со родители |

| | | |
|---|---|---|
| | | Запознаен/а сум со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности – 100% се согласуваат |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.<br><br>Анкета со наставници - Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците -100%,<br><br>Во наставата користам различни ресурси за учење и настава -100%<br><br>Анкета со ученици - На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. едукативни видеа, стручна литература, енциклопедии, списанија, интернет, модели) – 95,87% целосно се согласуваат, и на прашањето На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи, изведуваме експерименти, реализираме проектни задачи). – 89,26 % се согласуваат<br><br>Анкета со родители - Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете – 93 % се сложуваат,Моето дете во училиштато има пристап до различни |

| | | |
|---|---|---|
| | | материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) -93,01% се сложуваат. |
| | Интеракција меѓу наставници и ученици и учениците меѓусебно | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.<br><br>На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците. Најчесто применувани форми на интеракција се:<br><br>- поставување конструктивни прашања и задачи<br>- практични активности<br>- проверка на повратните информации<br>- поттикнување на бура на идеи<br>- поттикнување на самооценување од страна на учениците<br>- дискусии со цел да се провери усвоеноста на наставниот материјал,да се дојде до самостоен заклучок или дискусии за одредена тема<br>- индивидуална и индивидуализирана настава на одредени часови<br>- интернет<br><br>Сите овие форми се користат преку разни начини на соработка меѓу наставниците и учениците за да се постигне повисок степен на занаења и да се стимулираат индивидуалните способности на секој ученик.Со цел да поттикнат пријатна и стимулативна |

| | | |
|---|---|---|
| | | работна клима во училницата, наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред целата паралелка, а исто така позитивно се произнесуваат за активните и дисциплинираните ученици на Наставнички совет, на Одделнски совет , како и електронски на фејсбук странaта и веб страната на училиштето<br><br>Резултати од спроведената анкета со наставници<br><br>На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив 98.07 % се согласуваат,<br><br>Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор 98,07 се согласуваат. Ученици - Пофален сум за мојот труд и моите достигнувања се јавно истакнати (веб страна, социјални мрежи, огласна табла) – 91.74% се согласуваат, Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците 97,52% се согласуваат. Родители - Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите 97,21 %. |
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение 02-333/1 и Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните |

| | | |
|---|---|---|
| | | соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП.<br><br>Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот.<br><br>Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси.<br><br>Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот.<br><br>Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.<br><br>Во нашето училиште вкупно се 9 ученици со посебни потреби. Од нив, 5 имаат проценка од МКФ, за 3-ца се изработува ИОП, а останатите се со општо ниво на поддршка. Исто така, имаме двајца образовни асистенти, а според проценките од МКФ очекуваме за уште двајца ученици.<br><br>-ИОП се изготвува од страна на инклузивен тим за ученик (ИТУ),<br><br>-За секој ученик се изготвува долгорочен,среднорочен и краткорочен ИОП- во кој се опишуваат прилагодувањата на |

| | | |
|---|---|---|
| | | материјалите,активностите и постапките за поучување и поддршка согласно специфичните потреби на ученикот.<br>Во нашето училиште нема ученици кои работат по модифицирана програма.<br>Учениците според програмите и целите прилагодени за нив успешно се вклучени во воспитно образовниот процес и активно учествуваат во вонн‌аставните активности<br>Резултати од анкетата – наставници<br>Успешно соработувам со училишниот тим за инклузија 96,15 % се согласуваат 1,92% не се согласуваат |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам.<br>На часовите на одделенска заедница секој одделенски раководител има планирани и реализирани интегрирани активности од МИО. На овие часови наставниците низ работилници, разговори и проектни активности ги запознаваат учениците за родова, етничка, културна, верска и јазична разновидност во училиштето и во заедницата. Со тоа се дава значење и позитивно вреднување на истите.<br>Во нашето училиште застапени се следниве проекти:Проектот „Стратегија за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на |

| | | |
|---|---|---|
| | | општина Гази Баба“која се реализира по насока на МЦГО и преставници од Секторите на Министерството за образование и наука и Одделението за јавни дејности при Општина Гази Баба, а се финансира со поддршка на општина Гази Баба и град Скопје.<br><br>Проектот „Градиме нови мостови“ се реализира по насока на апликантите ООУ „Крсте Мисирков“, ООУ „25 Мај“ и ООУ „ Кирил и Методиј“ поддржан од МОН и мисијата на ОБСЕ Резултати од анкета; Наставници - Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план 96,15% се согласуваат 3,85 % не се согласуваат; Родители - Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици 74,12% се согласуваат 7,69%- не се согласуваат и 11,19% - незнаат немаат информација |
| Индикатор 1.3. Искуства на учениците од учењето | | |
| • Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците;<br>• разговори во фокус групи со ученици,родители/старатели и наставници;<br>• разговор со стручна служба;<br>• увид во ученичките досиеја;<br>• увид во евиденцијата на стручните соработници | Средина и атмосфера за учење | Најголемиот број учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна ,стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што придонесува и ги поттикнува учениците за учење.Во нашето училиште сите училници се технички опремени , односно во секоја училница има Смарт табла која ни ја олеснува работата и учењето на наставниците и учениците, ни овозможуваат дигитален пристап кон учебниците и многу други поволности кои ни ги нуди самата табла. Учениците се задоволни од изгледот на училниците и другите простории во училиштето и сметаат дека тие се во уредна состојба.Учениците и самите учествуваат во нивното уредување и на тој начин даваат личен белег на истите, па така, училниците стимулирачки и мотивирачки делуваат на нив и поттикнуваат интерес и желба за учење. Трудовите на учениците редовно се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата, на паноа во холот), почитувајќи |

| | | |
|---|---|---|
| | | естетски норми. Изработките редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд, како и можност сите да ја видат неговата изработка.. Со трудовите на учениците се разубавуваат училниците и холот на училиштето, се мотивираат учениците и развива нивната креативност и натпреварувачки дух. Трудовите и изработките на учениците редовно се изложуваат на фејсбук страницата и веб страната на училиштето.<br><br>Анкета – ученици: Содржината од наставните предмети станува поинтересна со нашите наставници.92,56% се согласуваат;родители - Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете 95,8% се согласуваат. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.<br><br>При уписот во прво одделение училишниот педагог и одделенските наставници од прво одд. преку игра и прашања ги следат учениците и уште на самиот почеток го определуват нивниот квантум на знаења и даваат мислење за нивните образовни потреби. Доколку воочат одредени потешкотии во развојот ги анализираат, разговараат со родителот и прават напори |

| | | |
|---|---|---|
| | | да им помогнат истите да ги надмнат.Ако има потреба се бара мислење и од стручно лице.<br><br>Во натамошниот период на школувањето, образовните потреби на учениците и нивниот напредок, се следат од одделенските, а потоа и од предметните наставници , а по потреба и од стручните соработници на училиштето. За таа цел се применуваат тестови, наставни листови, контролни задачи, листи за аналитичко и описно оценување.<br><br>Во училиштето имаме Инклузивен тим кој работи на подобрување на успехот на учениците кои имаат посебни образовни потреби , за кои се изработени ИОП а за некои од нив е потребна и дополнителна подршка - потреба од образовни асистенти<br><br>Зависно од различните потреби на учениците, наставниците настојуваат да им овозможат секој да учи според стилот на учење кој најмногу му одговара, со цел да се извлече максимумот од она што може да го постигне. Најнапред се запознава учениковата личност, неговите можности, потреби, желби и афинитети.Наставниците користат различни интерактивни техники, обезбедуваат или даваат насоки за потребните материјали за работа и напатствија за нивно користење, обезбедуваат задачи според способностите на учениците, ја следи работата, врши проверка н сработеното и усвоеното. Исто така, постои и систематска комуникација со колегите, со класниот раководител т.е. одделенскиот наставник.<br><br>При оценувањето ги поттикнуваат и охрабруваат за понатамошно ангажирање без да се потценуваат дека неможат да постигнат како другите. За задоволување на овие потреби на учениците нашето училиште перманентно организира дополнителна и додатна |

| | | |
|---|---|---|
| | | настава, како и слободни активности во кои учениците учествуваат според своите способности, желби и афинитети.<br><br>Ученичката заедница и Ученичкиот парламент активно работат и се ангажираат со различни активности со што дополнително позитивно влијаат за задоволување на потребите на учениците.<br><br>Анкета – наставници Ги разбирам проблемите и потребите на учениците100% се согласуваат<br><br>Родители - Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи 98.8 % се согласуваат |
| Индикатор 1.4. Оценување како дел од наставата | | |
| • Програма за работа на училиштето;<br>• распоред за додатна и дополнителна настава;<br>• списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;<br>• правилник за оценување и напредување на учениците;<br>• интерен правилник за оценување;<br>• увид во педагошката евиденција и документација;<br>• користени инструменти за оценување;<br>• примери на оценети ученички трудови; | Училишна политика за оценување | Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.<br><br>Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.<br><br>Училиштето има изработено и интерен правилник за оценување кој е истакнат на училишната веб.страна.<br><br>Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се |

| | | |
|---|---|---|
| • записници од стручните активи, наставнички совет;<br>• анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите/старателите;<br>• инструменти за индивидуализирани начини за проверка | | унапредуваат во соработка со наставникот ментор, соработка во стручните актвив и стручната служба.<br>Резултати од анкета ; наставници<br>Применувам различни начини на оценување на учениците 96.16% се согласуваат;<br>Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.).100% се согласуваат; ученици<br>Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови, практична работа и сл.). 99,17% се согласуваат;<br>Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена. 95,41% се согласуваат98,41%<br>На почетокот на секоја учебна година сум запознаен со критериумите за оценување по секој предмет.95,05% се согласуваат<br>Родители - Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет 92,31% се согласуваат |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9. Спордре увидот во извештаите утврден е зголемување на успохот. Учебна 2021/22 год. среден успех во првиот период изнесувал 4,00 а во третиот 4,10 што е зголемување за 0,10. Во учебната 2022/23 год. прв квартал 3,96 а во третиот 4,11 каде се бележи зголемување за 0,15 |

| | | |
|---|---|---|
| | | и учебната 2023/24 прво тримесечје 3,86 а во третиот квартал 4,06 зголемување за 0,21. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br><br>Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br><br>Родителите редовно се информирани за успехот, постигањето и напредокот на своите деца преку родителски средби, индивидуални средби, приемни денови и е – дневник.Анкета – родители<br><br>На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања 98,8% се согласуваат<br><br>Ученици - Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена. 95,87% се согласуваат<br><br>Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување. 95,87% се согласуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | Родители - Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) 97,9% се согласуваат;<br><br>Наставниците одржуваат индивидуални средби со родители најмалку два пати месечно – 91,61 се согласуваат;<br><br>Ги користам можностите  да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете- 97,7 % се согласуваат;<br><br>Наа моето дете во училиштето му е овозможена додатна и/ или дополнителна настава, доколку има потреба од тоа -97,71 % се согласуваат. |
| Индикатор 1.5. Воннаставни акттивности и натпревари | | |
| • Годишна програма за работа;<br>• програми за воннаставни активности;<br>• извештај од реализирани екскурзии;<br>• педагошка евиденција и документација;<br>• дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>• интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, ученици | Обем и разновидност ан планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.<br><br>Воннаставните активности се ориентирани на учениците и прилагодени кон индивидуалните потреби и со разликите меѓу секој од учениците, со цел секој ученик да има можност да ги пронајде и развива своите способности, потенцијали и знаења.<br><br>Во текот на учебната година за учениците од I до IX се организирани излети и наставно - научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно - научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно - научна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна наставно - научна екскурзија со учениците од IX одделение.во него |

| | | |
|---|---|---|
| и стручните соработници за воннаставни активности;<br>• записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>• список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>• увид во интернет-страницата, социјалните мрежи итн.;<br>• акциски план за правата на детето. | | - Во вонашето училиште се реализира и летен камп во соработка со општина Гази Баба и училиштата<br><br>- Слободните ученички активности (секциите) се дел од воспитно-образовниот процес. Секој ученик пополнува анкетен лист,на кој се дадени сите секции, клубови кои ги организира училиштето. Ученикот по свој личен избор може да се одлучи да членува најмногу во две секции/ клубови или во ниедна.<br><br>- Во нашето училиште се организираат бројни акции и тоа согласно со предвидениот план, како и акции иницирани во текот на учебната година.<br><br>Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во нашето училиште учениците се организираат во: заедница на паралелка и ученички парламент<br><br>Проектни активности кои се реализираат во нашето училиште<br><br>Проектот „Стратегија за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на општина Гази Баба“ се реализира по насока на МЦГО и преставници од Секторите на Министерството<br><br>за образование и наука и Одделението за јавни дејности при Општина Гази Баба, а се финансира со поддршка на општина Гази Баба и град Скопје.<br><br>Проектот „Градиме нови мостови“ ООУ „Крсте Мисирков“, ООУ „25 Мај“ и ООУ „ Кирил и Методиј“ поддржан од МОН и мисијата на ОБСЕ<br><br>- Училишна градина - училница на иднината |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Меѓународен проект Другачи<br>-e Twinning : Know my city, Be my fends in the END,MY IT frend,Mini writers club, Our waules, our teasure<br>- Користење игри за Сајбер безбедност<br>- во рамките на Erasmus+: проект APPic Learning и Say No violence and discrimination by the games.<br>Во училиштето се реализира и проектот за Антикорупција како воннаставна активност<br>Анкета – ученици Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции) 95,48% се согласуваат,<br>Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор. – 97,04 % се согласуваат; Родители -Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.)- 89,51% се согласуваат; |
| | Опфаетност на учениците со воннаставни активности | Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Преку согласност од ученикот и родителот сите ученици се опфатени во воннаставните активности, според нивните предиспозиции и физички способности. Како резултат на вклучувањето во вонучилишните активности, училиштето се има здобиено со бројни дипломи и признанија. Во воннаставните активности учество земаат и учениците со ПОП, каде што интересот и ангажираност е на високо ниво<br>Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкета – родители Моето дете е вклучено во вонннаставни активности, според сопствениот интерес 92,31% се согласуваат. |
| | Вклученост на учениците во изборот и планирањто на воннаставните активности | Учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. И се вклучуваат во истите според сопствен избор, Во училиштето се реализираат воннаставни активности според интересите на учениците, иако истите не се вклучуваат целосно во планирање на овие активности. Согласно спроведената анкета дел од наставниците планот за воннаставни активности не го изготвуваат заедно со учениците. Во училиштето во тек е изготвување на пишана процедура за вклучување на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности. |
| | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари според утврден правилник за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.<br><br>Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации каде што постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на ниво на општина, град и држава и имаат освоено пофалници, дипломи и признанија.Резултати од анкета –наставници На учениците им давам насоки како поуспешно да учат<br><br>100%  се согласувам ученици - Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари.93,84 % се согласувам,4,96%- не се согласувам. Училиштето е посебно гордо |

| | | |
|---|---|---|
| | | на учениците кои не промовираат на окално,регионално,државно и меѓународно ниво со нивните постигања. Јавно се пофалени на веб.страната и на facebook училишна страна. |

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| |
|---|
| Опис/ резиме на подраачјето<br><br>Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Исто така училиштето со соработка со МОН и БРО задолжително според потребите и интересите на наставниот кадар обезбедува минумум две задолжителни обуки. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Во нашето училиште покрај задолжителните обуки најголем број на наставници посетуваат и самоиницијативно обуки, работилници и вебинари и потоа се разменуваат искуства и добри практики во нивните стручни активи.<br><br>Во нашето училиште формирани се повеќе активи; актив на одделенски наставници, актив на природно –математичката група, актив на јазичарите,актив на општествено – хуманитарни наука. Наставниците од активите имаат изработено годишно планирање според кое се работи во стручните активи. На состаноците се разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, се вршат десиминации од посетени семинари, работилници, се реализираат отворени часови со добри практики, се користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства , од регионална и меѓународна соработка со други училишта според извештаите од стручните соработници за следење на планирања.<br><br>Наставниците во нашето училиштето изготвуваат и работат според наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Континуирано се следат иновациите во наставата и се имплементираат во наставните програми. Во документите за наставни програми постојат упатства и прирачници за реализација на наставната програма за одредени предмети. Во учебната 2022-23 година наставниците од II и V одделение реализираат настава според новата концепција за основно образование со нов наставен план и нови наставни програми по предметите кои се изучуваат во II и V одделение донесени од БРО и МОН за кои наставниците посетуваа обуки.Наставата по физичко и здравствено образование во I, II,III и IV одделение ја реализира предметен наставник во тандем со одделенскиот раководител. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се релизира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternational |

Examination Centre), кои се адаптирани од страна на БРО и утврдени од МОН. Во учената 2023 – 2024 год.наставниците кои предаваат во VI одд. наставата ја планираат и реализираат според Новата концепција донесена од МОН и БРО.

Согласно Законот за основно образование чл. 40, училиштето организира и реализира проширена програма. Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава,

Согласно потребите на родителите, во нашето училиште организиран е продолжен престој за учениците од 1 до 3 одд. со претходно барање од страна на родителите и добиена согласност од страна на Министерството или основачот, и за истата е изработена програма за работа.

Во нашето училиште изборната настава на учениците им  дава можност да ги прошират и продлабочат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности . Овој вид на настава е задолжителен, а учениците го следат согласно наставниот план и според тоа како ќе се изјаснат во претходно спроведена анкета. Од минатата учебна година со новата Концепција за основно образование има поинаква организација во изборните предмети во однос на досегашната пракса за IV, V и VI одделение согласно Водичот за слободни изборни предмети, каде еден изборен предмет се следи во првото полугодие а во второто друг изборен предмет. Листата на слободни изборни предмети од третиот изборен период ( решение 03- 125/1 ) се јавно објавени на училишната веб страна, како и слободните изборни предмети од вториот изборен период ( решение 03-125/2).

Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. Во нашето училиште вкупно се 9 ученици со посебни потреби. Од нив, 5 имаат проценка од МКФ, за 3-ца се изработува ИОП, а останатите се со општо ниво на поддршка. Исто така, имаме двајца образовни асистенти, а според проценките од МКФ очекуваме за уште двајца ученици. ИОП се изготвува од страна на инклузивен тим за ученик (ИТУ), за секој ученик се изготвува долгорочен,среднорочен и краткорочен ИОП- во кој се опишуваат прилагодувањата на материјалите, активностите и постапките за поучување и поддршка согласно специфичните потреби на ученикот.Во нашето училиште нема ученици кои работат по модифицирана програма. Учениците според програмите и целите прилагодени за нив успешно се вклучени во воспитно образовниот процес и активно учествуваат во вонаставните активности

Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. Во процесот на

поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците.

Сите овие форми се користат преку разни начини на соработка меѓу наставниците и учениците за да се постигне повисок степен на занаења и да се стимулираат индивидуалните способности на секој ученик. Со цел да поттикнат пријатна и стимулативна работна клима во училницата, наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред целата паралелка, а исто така позитивно се произнесуваат за активните и дисциплинираните ученици на Наставнички совет, на Одделнски  совет, како и електронски на фејсбук страната и веб страната на училиштето

ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам. На часовите на одделенска заедница секој одделенски раководител има планирани и реализирани интегрирани активности од МИО. На овие часови наставниците низ работилници, разговори и проектни активности ги запознаваат учениците за родова, етничка, културна, верска и јазична разновидност во училиштето и во заедницата. Со тоа се дава значење и позитивно вреднување на истите.

Најголемиот број учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна ,стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што придонесува и ги поттикнува учениците за учење. Во нашето училиште сите училници се технички опремени , односно во секоја училница има Смарт табла која ни ја олеснува работата и учењето на наставниците и учениците,  ни овозможуваат дигитален пристап кон учебниците и многу други поволности кои ни ги нуди самата табла. Учениците се задоволни од изгледот на училниците и другите простории во училиштето и сметаат дека тие се во уредна состојба.Учениците и самите учествуваат во  нивното уредување и на тој начин даваат личен белег на  истите, па така, училниците  стимулирачки и мотивирачки делуваат на нив  и   поттикнуваат интерес и желба  за учење. Трудовите на учениците редовно се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата, на паноа во холот), почитувајќи естетски норми. Изработките редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд, како и можност  сите да ја видат неговата изработка.. Со трудовите на учениците се разубавуваат училниците и холот на училиштето, се мотивираат учениците и развива нивната креативност и  натпреварувачки дух. Трудовите и изработките на учениците  редовно се  изложуваат на фејсбук страницата  и веб страната на училиштето.

Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на

учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. При уписот во прво одделение училишниот педагог и одделенските наставници од прво одд. преку игра и прашања ги следат учениците и уште на самиот почеток го определуват нивниот квантум на знаења и даваат мислење за нивните образовни потреби. Доколку воочат одредени потешкотии во развојот ги анализираат, разговараат со родителот и прават напори да им помогнат истите да ги надмнат.Ако има потреба се бара мислење и од стручно лице. Во натамошниот период на школувањето, образовните потреби на учениците и нивниот напредок, се следат од одделенските, а потоа и од предметните наставници , а по потреба и од стручните соработници на училиштето. За таа цел се применуваат тестови, наставни листови, контролни задачи, листи за аналитичко и описно оценување. Зависно од различните потреби на учениците, наставниците настојуваат да им овозможат секој да учи според стилот на учење кој најмногу му одговара, со цел да се извлече максимумот од она што може да го постигне. Најнапред се запознава учениковата личност, неговите можности, потреби, желби и афинитети. Наставниците користат различни интерактивни техники, обезбедуваат или даваат насоки за потребните материјали за работа и напатствија за нивно користење, обезбедуваат задачи според способностите на учениците, ја следи работата, врши проверка н сработеното и усвоеното. Исто така, постои и систематска комуникација со колегите, со класниот раководител т.е. одделенскиот наставник.

При оценувањето ги поттикнуваат и охрабруваат за понатамошно ангажирање без да се потценуваат дека неможат да постигнат како другите. За задоволување на овие потреби на учениците нашето училиште перманентно организира дополнителна и додатна настава, како и слободни активности во кои учениците учествуваат според своите способности, желби и афинитети. Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со наставникот ментор, соработка во стручните актвив и стручната служба.Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Училиштето има изработено и интерен правилник за оценување кој е истакнат на училишната веб.страна.

Ученичката заедница и Ученичкиот парламент активно работат и се ангажираат со различни активности со што дополнително позитивно влијаат за задоволување на потребите на учениците. Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во нашето училиште учениците се организираат во: заедница на паралелка и ученички парламент

Училиштето планира и реализира разновидни вонnаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Воннаставните активности се ориентирани на учениците и прилагодени кон индивидуалните потреби и со разликите меѓу секој од

учениците, со цел секој ученик да има можност да ги пронајде и развива своите способности, потенцијали и знаења. Во текот на учебната година за учениците од I до IX се организирани излети и наставно - научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно - научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно - научна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна наставно - научна екскурзија со учениците од IX одделение. Во нашето училиште се реализира и летен камп во соработка со општина Гази Баба и училиштата Слободните ученички активности (секциите) се дел од воспитно-образовниот процес. Ученикот по свој личен избор може да се одлучи да членува најмногу во две секции/ клубови или во ниедна. Во нашето училиште се организираат бројни акции и тоа согласно со предвидениот план, како и акции иницирани во текот на учебната година.

Проектни активности кои се реализираат во нашето училиште Проектот „Стратегија за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на општина Гази Баба“ се реализира по насока на МЦГО и преставници од Секторите на Министерството за образование и наука и Одделението за јавни дејности при Општина Гази Баба, а се финансира со поддршка на општина Гази Баба и град Скопје. Про „Градиме нови мостови“ ООУ „Крсте Мисирков“, ООУ „25 Мај“ и ООУ „ Кирил и Методиј“ поддржан од МОН и мисијата на ОБСЕ - Училишна градина - училница на иднината - Меѓународен проект Другачи -е Twinning : Know my city, Be my fends in the END,MY IT frend,Mini writers club, Our waules, our teasure Користење игри за Сајбер безбедност - во рамките на Erasmus+: проект APPic Learning и Say No violence and discrimination by the games. Во училиштето се реализира и проектот за Антикорупција како вонннаставна активност Во текот на учебната година за учениците од I до IX се организирани излети и наставно - научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно - научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно - научна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна наставно - научна екскурзија со учениците од IX одделение. Во вонашето училиште се реализира и летен камп во соработка со општина Гази Баба и училиштата Слободните ученички активности (секциите) се дел од воспитно-образовниот процес. Секој ученик пополнува анкетен лист,на кој се дадени сите секции, клубови кои ги организира училиштето. Ученикот по свој личен избор може да се одлучи да членува најмногу во две секции/ клубови или во ниедна. Во нашето училиште се организираат бројни акции и тоа согласно со предвидениот план, како и акции иницирани во текот на учебната година.

Училиштето организира училишни натпревари според утврден правилник за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации каде што постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на ниво на општина, град и држава и имаат освоено пофалници, дипломи и признанија.

**Силни страни**

- Целосна и доследна примена на наставните планови и програми одобрени од Министерството за образование и наука (МОН);
- Добивање на навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.
- Постоење на стручни активи и тоа актив на одделенски наставници, актив на природно –математичката група, актив на јазичарите, актив на општествено – хуманитарни наука кои работат според изготвена годишна програма.
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.
- Родителите и учениците навремено се информирани за наставните планови и програми што се реализираат;
- Траспарентно јавно објавување на училишната веб страна на слободни изборни предмети
- Во соработка со училишниот дефектолог, одделенските наставници имаат изработено ИОП-и за учениците со ПОП Стручната служба ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата;
- Примена на разновидни наставни методи и форми на работа за успешна реализација на настаните содржини;
- Наставниот кадар користи разновидни техники и методи со кои ги препознава и води грижа за образовните потреби на секој ученик. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите;
- Учениците учествуваа на училишно, градски, општински и државни натпревари, каде освоија многубројни награди.
- Наставниците имаат позитивен и професионален однос кон учениците и родителите
- Наставниот кадар континуирано се усовршува и напредува во воспитно образовната работа (учество на семинар, обуки, проекти, симпозиуми и десиминација)
- Во училиштето има можности за истражувачки и воннаставни активности
- Учениците се вклучени во Ученичка заедница и Ученички парламент застапувајќи ги детските права
- Училиштето им дава на учениците можност за избор на наставни предмети
- Има изработено програма за деца со посебни образовни потреби и Училишниот дефектолог редовно работи со учениците со
- посебни потреби и потешкотии преку индивидуални средби

| |
|---|
| - Училиштето има изработено правилник за избор на првенци и правилник за начинот и поблиските критериуми за организирање и реализирање на училишени натпревари во ООУ Крсте Мисирков<br>- Афирмирање на училиштето преку многубројните вонраставни активности во локалната и пошироката средина<br>- Афирмирање на учениците преку вклучување во проекти: Erasmus +: App learning, Say No to volions by the games, Etwining проекти, Училишна градина – училница на иднината<br>- Учество на нашите ученици на училишни, општински, регионални, државни и Балкански натпревари на кои се забележани високи резултати, како и на голем број конкурси, манифестации |
| **Слаби страни**<br>- Недостаток од пишана процедура за вклучување на учениците во изборот и планирањето на вонраставните активности.<br>- Помал број на ученици се вклучени во активности реализирана со ученици кои учат на различни јазици<br>- Недостаток од образовни асистенти - веќе има мал напредок -во училиштето имаме 2 образовни асистенти кои работат -со ученик од 1 одд и ученик од 3 одделение. |
| **Приоритети**<br>Поголемо вклучување на учениците во планирањето и реализирањето на вонраставните активности<br>Вклучување на поголем број на ученици во МИО активности |

**Подрачје 2: Постигнувања на учениците**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 2.1. Постигнувања на учениците<br>2.2. Мерки за подобрување на постигањата |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 2.1. Постигнувања на учениците | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| • Годишни извештаи за воспитно-образовната работа на училиштето во учебните 2022/2023 и 2023/2024<br>• Годишни извештаи за работа на училиштето по одделенија во учебните 2022/2023 и 2023/2024<br>• Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето<br>• Извештаи од стручната служба<br>• Е - дневници<br>• Записници од родителски состаноци<br>• Извештаи од стручната служба<br>• Записници од Наставнички совет<br>• Записници од Совет на родители | Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди | Училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците по пол и јазик на наставата (наставата се изведува на македонски наставен јазик) по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.<br>Постигнувањата во училиштето се многу добри.<br>Средниот успех во училиштето во учебната 2022/2023 година изнесува 4,44.<br>Средниот успех во училиштето во учебната 2023/2024 година изнесува 4,56.<br>Во прво, второ и трето одделение оценувањето на учениците е описно, а во четврто, петто и шесто одделение постигнувањата на учениците по задолжителни и изборни предмети се оценуваат описно и бројчано, (и тоа на крајот на првото тримесечје, првото полугодие и третото тримесечје оценувањето е описно, а на крајот на учебната година оценувањето е бројчано). Учениците од седмо, осмо и деветто одделение се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5).<br>Во училиштето се следат постигнувањата на учениците по квалификациони периоди и се прават прегледи по одделенија, предмети и пол. Направени се споредбени анализи на успехот на постигнувањата на учениците за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година.<br>Средниот успех по одделенија во 2022/2023 година изнесува: IV одд (4,70), V одд (4,66), VI (4,41), VII (4,33), VIII (4,02), IX (4,55). |

- Програма за дополнителна и додатна настава
- Анкета со ученици
- Анкета со наставници
- Анкета со родители
- Интервју со педагог
- Интервју со наставник - ментор
- Програма и акциски план за интеркултурно образование

Средниот успех по одделенија во 2023/2024 година изнесува: IV одд (4,75), V одд (4,57), VI (4,36), VII (4,40), VIII (4,25), IX (4,20).

Преглед на успех по предмети во учебна 2022/2023 год.

| Наставен предмет | Прво тримесечие (7-9 одд) | Полугодие (7-9 одд) | Трето тримесечие (7-9 одд) | Крај на учебна година (4-9 одд) |
|---|---|---|---|---|
| **Задолжителни предмети** | **Среден успех** | **Среден успех** | **Среден успех** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3.99 | 4.06 | 3.96 | 4.38 |
| Англиски јазик | 4.34 | 4.33 | 4.34 | 4.56 |
| Француски јазик | 3.74 | 3.99 | 4.02 | 4.35 |
| Математика | 3.31 | 3.46 | 3.33 | 4.00 |
| Историја | 3.62 | 3.94 | 3.86 | 4.24 |
| Географија | 3.38 | 3.62 | 3.44 | 3.96 |
| Биологија | 3.30 | 3.37 | 3.21 | 3.52 |
| Физика | 3.16 | 3.44 | 3.05 | 3.45 |
| Хемија | 3.26 | 3.42 | 3.26 | 3.62 |
| Граѓанско образование | 4.04 | 4.36 | 4.29 | 4.65 |
| Етика | 4.39 | 4.43 | 4.21 | 4.55 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Информатика | 4.37 | 4.29 | 4.26 | 4.39 |
| | | Природни науки | / | / | / | 4.15 |
| | | Техничко образование | / | / | / | 4.61 |
| | | Иновации | 4.55 | 4.55 | 4.40 | 4.80 |
| | | Ликовно образование | 4.32 | 4.44 | 4.29 | 4.48 |
| | | Музичко образование | 4.25 | 4.26 | 4.19 | 4.61 |
| | | Физичко и здравствено образование | 4.47 | 4.59 | 4.68 | 4.91 |
| | | Историја и општество | / | / | / | 4.43 |
| | | Техничко образование и информатика | / | / | / | 4.68 |
| | | **Изборни предмети** | | | | |
| | | Етика на религии | / | / | / | 4.72 |
| | | Техничко образование | 4.38 | 4.55 | 4.48 | 5.00 |
| | | Танци и ора | 4.93 | 4.93 | 5.00 | 5.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Проекти од музичката уметност | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| Проекти од информатиката | 4.86 | 4.92 | 4.23 | 4.79 |
| Нашата татковина | 4.27 | 4.69 | 4.58 | 4.93 |
| Вештини за живеење | 4.62 | 4.83 | 4.89 | 4.95 |
| Цртање, сликање, вајарство | / | / | / | 4.81 |
| Математика со лог.резонирање | / | / | / | 4.78 |
| Кошарка | / | / | / | 5.00 |
| Одбојка | / | / | / | 4.73 |
| Хортикултура и градинарство | / | / | / | 4.89 |
| Литературно творење, рецитаторско изразување | / | / | / | 4.89 |
| **Среден успех** | **3.96** | **4.12** | **4.01** | **4.44** |

Преглед на успех по предмети во учебна 2023/2024 год.

| Наставен предмет | Прво тримесечие (7-9 одд) | Полугодие (7-9 одд) | Трето тримесечие (7-9 одд) | Крај на учебна година (4-9 одд) |
|---|---|---|---|---|
| **Задолжителни предмети** | **Среден успех** | **Среден успех** | **Среден успех** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3.82 | 3.98 | 3.92 | 4.34 |
| Англиски јазик | 4.14 | 4.18 | 4.21 | 4.38 |
| Француски јазик | 3.62 | 3.86 | 3.75 | 4.12 |
| Математика | 3.40 | 3.49 | 3.40 | 3.92 |
| Историја | 3.51 | 3.75 | 3.58 | 3.94 |
| Географија | 3.21 | 3.56 | 3.54 | 4.01 |
| Биологија | 3.15а | 3.29 | 3.31 | 3.70 |
| Физика | 3.20 | 3.49 | 3.16 | 3.62 |
| Хемија | 3.10 | 3.49 | 3.31 | 3.70 |
| Граѓанско образование | 4.30 | 4.35 | 4.31 | 4.46 |
| Етика | 4.18 | 4.29 | 4.22 | 4.53 |
| Информатика | 3.79 | 3.91 | 3.72 | 4.17 |
| Природни науки | / | / | / | 4.25 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Работа со компјутери | / | / | / | 4.41 |
| | | Техничко образование | / | / | / | 4.74 |
| | | Иновации | 3.89 | 3.76 | 3.81 | 4.41 |
| | | Ликовно образование | 4.27 | 4.28 | 4.24 | 4.56 |
| | | Музичко образование | 4.03 | 4.09 | 4.16 | 4.60 |
| | | Физичко и здравствено образование | 4.37 | 4.68 | 4.66 | 4.84 |
| | | **Изборни предмети** | | | | |
| | | Проекти од музичка уметност | / | 4.77 | 4.59 | 4.94 |
| | | Цртање, сликање, вајарство | / | / | / | 4.80 |
| | | Математика со логично резонирање | / | / | / | 4.50 |
| | | Танци и ора | / | / | / | 4.94 |
| | | Одбојка | / | / | / | 5.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кошарка | / | / | / | 5.00 |
| Градинарство и хортикултура | / | / | / | 4.99 |
| Образование за животни вештини | / | / | / | 5.00 |
| Велосипедизам | / | / | / | 5.00 |
| Техничко образование | 4.82 | 4.85 | 5.00 | 5.00 |
| Проекти од информатиката | / | 4.94 | 4.94 | 4.94 |
| Нашата татковина | 4.32 | 4.76 | 4.80 | 4.89 |
| Вештини за живеење | 4.83 | 4.84 | 4.67 | 4.84 |
| Игри за разрешување конфликти | / | / | / | 4.97 |
| Имам права | / | / | / | 4.88 |
| Справување со природни катастрофи | / | / | / | 5.00 |
| Заштита на животната средина | / | / | / | 5.00 |

| **Среден успех (вкупно)** | **3.86** | **4.12** | **4.06** | **4.56** |
|---|---|---|---|---|

Преглед на успех по пол во учебната 2022/ 2023 година

| | Прво тримесечие | | Полугодие | | Второ тримесечие | | Крај на учебна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Одлични | 27 | 34 | 32 | 40 | 26 | 37 | 96 | 110 |
| Многу добри | 39 | 36 | 32 | 29 | 33 | 30 | 66 | 41 |
| Добри | 55 | 12 | 27 | 9 | 27 | 10 | 16 | 16 |
| Доволни | 0 | 2 | 3 | 5 | / | 4 | 6 | 5 |
| Со 1 слаба | 3 | 2 | / | 1 | 6 | 2 | / | / |
| Со 2 слаби | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 | 1 | / | / |
| Со повеќе слаби | 1 | / | / | 1 | 1 | 3 | / | / |
| Вкупно | 98 | 88 | 95 | 87 | 95 | 87 | 184 | 172 |
| Вкупно ученици | 186 | | 182 | | 182 | | 356 | |
| **Среден успех** | **3,81** | **4,07** | **3.96** | **4.10** | **3.71** | **4.01** | **4.37** | **4.49** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Преглед на успех по пол во учебната 2023/ 2024 година |

| | Прво тримесечие | | Полугодие | | Трето тримесечие | | Крај на учебна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Одлични | 19 | 36 | 23 | 44 | 23 | 38 | 97 | 123 |
| Многу добри | 33 | 31 | 38 | 26 | 34 | 32 | 67 | 34 |
| Добри | 28 | 18 | 23 | 21 | 24 | 17 | 22 | 19 |
| Доволни | 4 | 2 | 7 | 4 | 7 | 5 | 2 | 1 |
| Со 1 слаба | 6 | 7 | / | / | 3 | 1 | / | / |
| Со 2 слаби | 1 | / | / | / | / | 1 | / | / |
| Со повеќе слаби | / | 1 | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 91 | 95 | 91 | 95 | 91 | 94 | 188 | 177 |
| Вкупно ученици | 186 | | 186 | | 185 | | 356 | |
| **Среден успех** | **3.58** | **3.89** | **3.85** | **4.16** | **3.74** | **4.05** | **4.38** | **4.58** |

Од анализата на средниот успех по пол заклучено е дека средниот успех на женските ученици е подобар од средниот успех на машките ученици во двете учебни години и таа разлика е поголема на прво тримесечје, полугодие и трето тримесечје, а се намалува на крај на наставна година.

| | | |
|---|---|---|
| | | Анализата на Годишните извештаи за воспитно-образовната работа на училиштето во учебните 2022/2023 и 2023/2024 покажува дека не постои голема разлика во постигнувањата на учениците од една до друга учебна година, но постои разлика од еден до друг квалификационен период. Споредувајќи ги средните успеси на полугодие и на крај на учебните 2022/2023 и 2023/2024 година, се забележува пораст во постигнувањата по сите предмети и одделенија на крајот на учебните години. Постигнувањата на учениците по предметите од природната група на предмети се помали од постигнувањата на учениците по другите предмети. Од анализата на успехот може да се забележи дека успехот во учебната 2022/2023 година (за време на наставата на далечина) е незначително поголем од успехот во учебната 2023/2024 година.<br><br>За анализа на мислењата на сите инволвирани страни во воспитно образовниот процес беше спроведена анкета со наставници, родители и ученици.<br><br>Аанализзата на одговорите од анкетираните наставници во однос на следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди се добија следните сознанија:<br><br>98% од наставниците  поставуваат јасни и високи очекувања во однос на постигањата,редовноста и дисциплината додека.<br><br>100% од наставниците целосно се согласни и водат редовна евиденциј за постигањата,редовноста и поведението на учениците .<br><br>100% од наставниците  сметаат дека учениците преку редовноста и активноста на часовите го подобруваат својот успех . |

| | | |
|---|---|---|
| | | 100% од наставниците се согласни за нивната редовност во изготвување на инструменти за следење на напредокот .<br>Од спроведената анкета со ученици може да се заклучи дека поголем дел од учениците<br>95% се задоволни од сопстевните постигнувања и оцени, а само 5% од учениците не се задоволни<br>Поголем дел од учениците 87% се ц согласни дека наставниците редовно ги информираат за нивните постигања,и 13 % се изјасниле дека не се редовно информирани за нивните постигнувања од страна на наставниците.<br>Од спроведената анкета со родители 97,9% од анкетираните родители се согласни дека наставниците реално го оценуваат нивното дете, и 2.1% не се согласуваат.<br>Од изведеното интервју со членовите од Училишниот одбор (УО), УО по секој квалификациски период е запознаен со постигнувањата на учениците, има споредбени анализи до претходните учебни години и на предлог на Наставничкиот совет или сопствен увид донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. |
| | Резултати од екстерни тестирања | Последните две учебни години не се реализирани екстерни тестирања кај учениците од прво до деветo одделение. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Анализата на анкетите покажува дека околу 100% од наставниците сметаат дека ги идентификуваат надарените учениците и учениците со потешкотии во учењето<br>Од анкетираните ученици во однос на подбрувањето на нивниот успех 90% од учениците се согласни дека наставниците постојано ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | поттикнуваат на подобрување на успехот  а 10 % негативно се изјасниле во однос на ова прашање.<br><br>90% од учениците се изјасниле дека доколку не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат материјалот на различни начини а 8% не се согласуваат а 2% се изјасниле дека воопшто не се согласуваат во однос на ова прашање.<br><br>Учениците од училиштето постигнуваат солидни резултати на бројни училишни, меѓуучилишни, општински и државни натпревари.<br><br>Во учебната 2022/2023 година учениците освоиле 32 награди на општински натпревари, 16 награди на регионални натпревари, 7 награди на државни натпревари . Најголем дел од освоените награди се од предметите математика, биологија, природни науки и географија,англиски јазик.<br><br>Во учебната 2022/2023 година учениците освоиле 52награди на општински натпревари, 25 награди на регионални натпревари  20 награди   и на државни натпревари 7 нградени. Најголем дел од освоените награди се од природните науки, физика хемија биологија географија математика и физичко и здравствено образование.<br><br>На ниво на училиште постои Тим за инклузија на учениците со пречки во развојот кој се состои од 7 члена, меѓу кои училишниот дефектолог, психологот, директорот на училиштето. еден одделенски наставник, еден предметен наставник и двајца родители. Во училиштето има инклузивен тим за секој ученик поединечно во кој се вклучени училишниот дефектолог, психологот, родителот и сите наставници кои предаваат на ученикот со пречки во развојот.  Дел од учениците имаат и асистенти за индивидуална работа со индивидуален пристап на работаЗа работа со децата со пречки во развојот, наставниците се среќаваат со дефектологот, каде се разгледува нивниот развој но и се |

| | | |
|---|---|---|
| | | врши конкретно прилагодување на стандардите за оценување и наставните содржини предвидени за реализација со учениците со пречки во развојот. Во текот на целата учебна година овие ученици се следат од страна на Тимот и се работи со нив. |
| | Известување на родители/старатели за постигањата на учениците | Од анкетите за наставници 100% се согласуваат дека редовно ги информираат учениците и родителите за нивните постигања ,13 % делумно се согласуваат<br><br>Од анкетите за ученици 92% ц се согласуваат дека нивните родители/старатели се постојано известувани за нивниот напредок, 3% не се согласуваат, 2% воопшто не се согласуваат и 3 % немаат информација<br><br>Од спроведените анкети родителите по однос на прашањето „Од наставниците реовно добивам детална повратна информација за успехот на моето дете со насоки за понарамошно учење“ 93,7% се согласуваат.<br><br>Од анкетат за родители 90,91% од родителите се согласуваат дека редовно остваруваат средби со наставниците во училиштето на кои дискутираат за постигањата на нивните деца 8,39 %не се согласуваат и 0.70 % немаат информација<br><br>За подобрување на постигнувањата на учениците, наставниците применуваат различни активни форми и методи на работа, креативни техники, ИКТ во наставата . Часовите се поинтересно организирани, комуникацијата е поголема, континуирано се следи напредокот на учениците, при што тие добиваат навремена и квалитетна повратна информација за насочување на учењето. Оценувањето е транспарентно се користи формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Родителите навремено се запознаени со постигнувањата и односот на учениците во училиштето и се прават напори за нивно поактивно вклучување во воспитно-образовниот процес. Од Записниците за родителски средби може да се види дека родителите се навремено информирани за постигнувањата на своите деца, со цел нивно ангажирање за подобрување на тие постигнувања преку почести индивидуални контакти и средби за време на преимен ден за родители.<br><br>Според Законот за основно образование учениците имаат право на приговор три дена од Наставничкиот совет на којшто се усвоени оценките. Учениците и родителите се навремено информирани за ова но досега ниту еден ученик нема поднесено жалба. Од ова произлегува заклучокот дека оценувањето на учениците е транспарентно и учениците се задоволни од истото.<br><br>Континуираното следење на напредокот на учениците, формативното оценување и известувањето на учениците за истиот овозможува идентификување на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот.<br><br>Со учениците кои имаат потешкотии во учењето редовно се реализира дополнителна настава а за учениците кои имаат афинитет и интерес за продлабочување на знаењата по одредени наставни предмети се организира додатна настава и учениците се вклучуваат во тимови кои се натпреваруваат на различни натпревари. |
| Индикатор 2.2. Мерки за подобрување на постигањата | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| • Програми за работа на училиштето | Редовност во наставата | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат |

<table>
<tr>
<td rowspan="2">
<ul>
<li>Извештаи на училиштето</li>
<li>Разговор со директор, стручна служба и наставници</li>
<li>Увид во педагошката евиденција и окументација</li>
<li>Интервју со педагог и психолог</li>
<li>Евиденција од состаноци со родители во врска со редовноста во наставата</li>
<li>Известувања на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ)</li>
</ul>
</td>
<td></td>
<td>
зголемување на редовноста. Училиштето редовно организира советување со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.
Од спроведените анкети за наставници 100 % се согласн дека учениците преку редовноста и активноста на часовите го подобруваат својот успех
Од спроведената анкета со родители 99,3% од родителите се согласни дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете и 0.7% не се согласуваат.
<table>
<tr><th>Учебна година</th><th>Оправд. изостан.</th><th>Неоправ изостан.</th><th>Вкупно изостан.</th><th>Прос. бр. на неоправ. изост по ученик</th><th>Прос. број на изостан по ученик</th></tr>
<tr><td>2022 – 2023</td><td>15573</td><td>342</td><td>15915</td><td>0.64</td><td>29.8</td></tr>
<tr><td>2023 - 2024</td><td>19054</td><td>544</td><td>19598</td><td>1.03</td><td>36</td></tr>
</table>
Во учебната 2022/2023 година има вкупно 15573 оправдани и 342 неоправдани или вкупно 15915 изостаноци, а во учебната 2023/2024 има 19054 оправдани и 544 неоправдани изостаноци, или вкупно 19598 изостаноци. Просек на изостаноци по ученик: 29,8 за учебната 2023/2024 и 36 за учебната 2023/2024 година
</td>
</tr>
<tr>
<td>Советување на родители/стратели и ученици</td>
<td>Од извршеното интервју со психологот во училиштето може да се заклучи дека училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна настава | Според анкетираните наставници 100% се изјасниле дека ц се согласни дека пофалувањето на ученицте и начинот на предавање ги поттикнува учениците за подобрување на успехот.<br><br>Од анкетираните ученици 90 % целосно се согласни дека доколку не можат да го совладаат материјалот ,на нивно барање наставниците им организираат дополнителна настава 8 % не се согласуваат и 2 % воопшто не се согласуваат.<br><br>Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на учениците во училиштето се планираат и преземаат активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците.<br><br>Од спроведените анкети на наставниците100% се согласни дека на родителите им се даваат јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето .<br><br>Од спроведената анкета со ученици 82% се согласни дека наставниците ги поттикнуваат да се вклучат во процесот на оценување и 18 % не се согласуваат<br><br>95,81% од родителите се согласни дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивното дете 3,5% не се согласуваат и 0,7 % од нив немаат информација<br><br>95,11 од родителите позитвивно се изјасниле дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете 2,8 % не се согласуваат и 1,4 % незнаат односно немаат информација.<br><br>Анализата на резултатите на учениците овозможува идентификување на постигнувањата на секој ученик и одредување на насоки за |

| | | |
|---|---|---|
| | | понатамошни активности. Според оваа анализа наставниците ги планираат додатната, дополнителната настава и целите од истите.<br><br>Планирањата на наставниците покажуваат дека истите формативно го следат напредокот на учениците, ги известуваат учениците за истите и преку квалитетна и навремена повратна информација го насочуваат понатамошното учење во насока на подобрување на нивните постигнувања.<br><br>Наставниците им обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на учениците со пречки во развојот, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.<br><br>Во училиштето се реализира дополнителна настава по предметите каде што учениците имаат потешкотии во совладувањето на содржините. Наставниците уредно водат педагошка евиденција за овие часови, но не се прави анализа на резултатите од истата од аспект на придонес кон постигањата<br><br>Наставниците ги вклучуваат учениците во слободните ученички активности. Бројот на учениците кои членуваат во овие секции е голем и се опфатени сите ученици кои пројавуваат интерес за дадениот предмет без разлика на нивните постигнувања.<br><br>Со цел подобрување на квантитетот и квалитетот на наставата се организира додатна настава со содржини кои ги интересираат учениците по предметите кои ги изучуваат. Ваков тип на настава се реализира од сите наставници во училиштето и истата навремено се планира. Наставниците уредно водат педагошка евиденција за овие часови. |

Подрачје 2: Постигања на учениците

Во ООУ "Крсте Мисирков" постигнувањата на учениците се на завидно ниво. Од средниот успех во училиштето, според анкетите задоволни се најголем дел од учениците, наставниците и родителите, како три најважни субјекти во воспитно – образовниот процес. Сепак, сите го делат мислењето дека може да биде и подобро. За таа цел во училиштето редовно се организира дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии во учењето, се вршат редовни индивидуални контакти со нивните родители и се настојува да се постигне подобрување на нивните резултати. Од друга страна пак, за учениците кои во текот на редовната настава покажуваат интерес за проширување на своите знаења се организира и додатна настава. Преку слободните ученички активности им се овозможува на учениците без разлика на нивните постигнувања да постигнуваат резултати продлабочувајќи ги интересот и љубовта кон одредени наставни содржини.

Наставниците пак, од своја страна се трудат активно да ги следат сите промени кои настануваат во образованието, да применуваат современи форми и методи на работата во кои ученикот би бил во центарот на наставата, поттикнувајќи го на интеракција, креативност, учење по пат на разбирање, користење на современи наставни средства итн. Наставниците применуваат формативно оценување на постигнувањата на учениците, при што континуираното следење на нивниот напредок и навременосто давање на конструктивна повратна информација доведува до подобрување на нивниот напредок.

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Има мали варијации во постигнувањата на учениците во однос на полот. Разлики во постигнувањата на учениците постојат помеѓу одделенска и предметна настава. Тоа е аспект на кој се работеше и во изминатите учебни години, има одредени подобрувања но тоа е долготраен процес ка кој треба да се работи континуирано. Имено, постои намалување на разликата помеѓу оценувањето кај одделни наставници и поголемо усогласување на критериумите за оценување како резултат на големиот број поминати обуки и оддржани средби на ниво на активи.  Постигнувањата на учениците на крајот на учебните години се незначително повисоки од тие на полугодие.

Од анкетата спроведена меѓу учениците, наставниците и родителите може да се заклучи дека поголем дел од нив се задоволни од постигнувањата на учениците, ги вклучуваат учениците на часовите, а и во процесот на оценување и редовно ги информираат за постигнувањата. Најголем дел од анкетираните се согласуваат дека не постојат разлики во оценувањето по пол а се користат и критериуми за оценување прилагодени според Стандардите изготвени од БРО. Училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици.

| |
|---|
| Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите; имаат аспирации за повисоки постигнувања на ниво на училиште. Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање, а во училиштето постои и процедура со која се конкретизирани критериумите за вреднување и промовирање на постигнувањата на учениците.<br><br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца преку редовно прибирање информации за постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно. Во училиштето се организираат разни видови на формални и неформални средби со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет.<br><br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Сите ученици ја завршуваат учебната година а нема ученици кои се упатуваат на продолжителна настава. |
| **Силни страни**<br><br>- Училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците според пол по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.<br>- Средниот успех на учениците во нашето училиште по предмети е на задоволително ниво за што придонесува големата ангажираност на наставниците, интересот и трудољубивоста на учениците и континуираната соработка со родителите.<br>- Континуираното следење на работата на учениците, транспарентноста на оценувањето и вклучувањето на учениците во процесот на оценување е уште еден фактор кој доведува до одлични постигнувања од кој се задоволни и наставниците и учениците и родителите.<br>- Училиштето ги идентификува учениците кои имаат потешкотии во учењето, како и учениците со пречки во развојот и го следи нивниот напредок.<br>- Учениците постигнуваат високи резултати на разни натпревари и учествуваат во голем број на воннаставни активности. |

- Училиштето врши промовирање на постигнувањата на учениците преку истакнување на постигнатите резултати на веб сајтот на училиштето и на општината како и на разни настани организирани од училиштето.
- Училиштето  доследно го применува  утврдениот систем за известување на родителите за  напредокот  на нивните деца преку редовно прибирање информации за напредокот и постигнувањата на учениците и давање на  навремена, точна, транспарентна и конкретна  информација на родителите за постигнувањата на нивните деца како и препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно, преку реализирање на формални и неформални средби меѓу родителите и предметните наставници, одделенскиот раководител и стручната служба
- Учениците редовно ја посетуваат наставата, бројот на неоправдани изостаноци е многу мал и незначителен.
- Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението за секој ученик. Постои соработка меѓу стручната служба, одделенските/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците.
- Училиштето на родителите им дава јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете за подобрување на успехот, редовност и дисциплина
- Преку формативното оценување на работата на учениците, континуирано се следи нивниот напредок, им се даваат повратни информации за истиот и на тој начин се врши подобрување на нивното постигање.
- Преку организирање на редовни родителски средби и чести индивидуални контакти родителите навремено се информирани за постигнувањата на нивните деца и се прават напори за постигнување на подобри резултати.
- Во училиштето редовно се организира, планира и реализира додатна и дополнителна настава, како и слободни ученички активности. Посебно внимание се посветува и на работата со деца со посебни образовни потреби и за таа цел успешно функционира Тимот за инклузија во училиштето

**Слаби страни**

- Постојат споредбени анализи кои укажуваат на разлики во постигнувањата помеѓу различни наставни предмети. Во училиштето во изминатиот период се реализирани обуки за формативно и сумативно оценување на учениците, но разликите сеуште постојат.
- Училиштето не ги анализира резултатите од дополнителната настава од аспект на придонес кон постигањата

**Приоритети**

- Усогласување на критериумите за оценување помеѓу различни наставни предмети
- Утврдување на ефектот од реализација на дополнителната настава врз постигањата на учениците.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| 3.1. Училишна клима<br>3.2. Еднаквост и правичност<br>3.3. Партнерски однос со заедницата<br>3.4. Севкупна грижа за учениците |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 3.1. Училишна клима и односи во училиштето | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| • Правилник за изрекување педагошки мерки<br>• Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основното образование (Коалиција СЕГА, 2019)<br>• Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците;<br>• педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>• статут на училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; | Углед/имиџ на училиштето | Училиштето е препознатливо по одличниот имиџ и по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и континуирано остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива добар респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.<br><br>Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците, како и Еко кодекс во рамките на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем. Во изготвувањето на овие кодекси подеднакво учествуваа сите структури во училиштето, како и родителите. Не постојат пишани процедури при прекршување на принципите на Кодексот.<br><br>Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и |

| | | |
|---|---|---|
| • написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи;<br>• решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител;<br>• досие на ученички парламент (програма за работа,<br>• записници,<br>• одлуки,<br>• извештаи од реализирани ученички иницијативи). | | посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.<br><br>Дисциплината на учениците главно задоволува. Постои работна атмосфера за време на часовите и воннаставните активности. Од анкетите може да се заклучи дека почитувањето и соработката помеѓу учениците може да се подобри. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците при приемот и заминувањето од училиште, внимателно и авторитетно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во наставата. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат дисциплината за време на наставата или на одморите.<br><br>Во училиштето активно функционира Ученичкиот парламент. Во негови рамки, јасно е утврдена и функцијата на Ученичкиот Правобранител, со своја канцеларија. На ученичка иницијатива се организираат работилници, дебати,панел дискусии, форуми за промовирање на Правата на децата и разрешување на конфликтни ситуации и други проблеми. |
| | Кодекс на однесување | *Го почитувам Кодексот на однесување*<br><br>Над 98 % од сите чинители на наставно образовниот процес се изјасниле дека го почитуваат Кодексот на однесување.<br><br>Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика и има примери од спроведувањето. Училиштето има воспоставено редовни процедури за ажурирање на содржината на кодексот на однесување, кој ги вклучува сите засегнати страни. Над 98 % од сите чинители на наставно образовниот процес се изјасниле дека го почитуваат Кодексот на однесување. |
| | Училишна клима | *Редовно и навременои ги известувам сите чинители за состојбите, новитетите и климата во училиштето*<br>Одговорот на ова прашање е над 97% афирмативен.<br>*Наставниците од колективот комуницираат, соработуваат и се почитуваат меѓусебе.*<br>50% од испитаниците целосно се согласиле, додека 42,31% се согласиле дека наставниците меѓусебно се почитуваат, комуницираат и соработуваат.<br>Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и вклученост во активностите во училиштето. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Сите ученици се чувствуваат безбедно и прифатено од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки. Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели. |

| | | |
|---|---|---|
| | Поведение и дисциплина во училиштето | *Поставувам јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината*<br><br>76% се изјасниле позитивно по ова прашање од анкетата. Извештаите за педагошки мерки укажуваат на просечно превземање мерки зедна учебна година. Дисциплината на учениците главно задоволува. Постои работна атмосфера за време на часовите и воннаставните активности. Од анкетите може да се заклучи дека почитувањето и соработката помеѓу учениците може да се подобри. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците при приемот и заминувањето од училиште, внимателно и авторитетно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во наставата. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат дисциплината за време на наставата или на одморите.<br><br>Училиштето има куќен ред кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно со проширената програма на училиштето. Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и тимот за поддршка работи за надминување на проблемот поради кој е изречена педагошка мерка. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | *Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки кои се од нивен интерес*<br><br>78,85% се изјасниле дека ги мотивираат учениците, од наставниот кадар, додека од страна на учениците 68,60 % позитивно се изјасниле на ова прашање. Во училиштето функционира Ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето (во училишта на повеќе |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставни јазици) и ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат најмалку пет реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент. Учениците, членови на ученичкиот парламент, редовно се поканувaат и присуствуваат на состаноци на училишниот одбор. |
| Индикатор 3.2. Еднаквост и правичност | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| • Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба;<br>• извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права;<br>• записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на | Познавање и почитување на правата на децата | *Ги познавам и промовирам Правата на децата*<br>На ова прашање 84% се изјаниле дека целосно се согласуваат, а 14% се согласуваат. Од извештаите за работа на Ученичката заедница заклучуваме дека повеќето активности се во насока за одбелување и промовирање на Паравата на децата.<br>Во училиштето, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| претставки и начин на разрешување);<br>• структура на паралелките;<br>• записници од работата на ТУИ - Тимот за училишна интеграција; дневник за работа на стручните соработници;<br>• оперативен план за наставен час;<br>• записници од наставнички совет;<br>• критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | Еднаков и правичен третман на сите ученици | *Учествувам во воспитување на учениците за почитување на различностите меѓу нив. Ученици со потешкотии, посебност, верска и етничка припадност, социјални разлики, полови разлики, надареност...*<br>На ова прашање 86,54% се изјасниле дека целосно се соглсуваат.<br>Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Сите ученици имаат пристап и се вклучени во училишните активности. |
| Индикатор 3.3. Партнерски однос со заедницата | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |

<table>
<tr>
<td rowspan="2"><ul>
<li>Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);</li>
<li>записници од советот на родители и родителски средби;</li>
<li>анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници;</li>
<li>анкета/интервју со претставник на локалната заедница;</li>
<li>статут на училиштето;</li>
<li>интернет- страница на училиштето;</li>
<li>договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции;</li>
<li>извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на локалната заедница; документација за</li>
</ul></td>
<td>Соработка на училиштето со родителите/старателите</td>
<td>Воспоставувам соработка со родителите за подобар успех на учениците<br><br>84,62% од наставниците позитивно се изјасниле на ова прашање.<br><br>Од страна на училиштето, а по барање на родителите во неколку наврати се организирани предавања од стручни лица за проблем кој родителите го идентификувале.<br><br>Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма. Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.</td>
</tr>
<tr>
<td>Соработка со општината и урбаната заедница</td>
<td>Планирам активности кои ги поттикнуваат родителите и локалната заедница да учествуваат во училишниот живот, во согласност со политиките на училиштето.<br><br>На ова прашање 69,23% одговориле позитивно. Од досегашните активности и останатите извештаи заклучено е дека соработката со општината и локалната урбана заедница може и треба да се подобри.<br><br>Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| добиени спонзорства и донации. | | |
| Индикатор 3.4. Севкупна грижа за учениците | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| • Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br>• Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надминатата возрасна граница<br>• Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение<br>• Упатство за одржување училишни објекти<br>• Правилник за стандардите за исхрана и | Превенција и заштита од насилство | *Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство.*<br>86,54% од наставниците се изјасниле дека се согласуваат дека во училиштето се обрнува внимание на учениците кои се учесници во врсничко насилство.<br>*Запознаен/на сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство.*<br>Голем дел од родителите односно 89.51% целосно се согласиле дека се информирани за Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.<br>*Училиштето добро се справува при појава на насилство.*<br>Голем број од родителите 90.21% се изјасниле дека училиштето поседува стратегии и процедури за справувањето со насилството.<br>*Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување на насилство.*<br>Од сите ученици кои беа анкетирани, 98,35% се согласуваат дека во училиштето се применуваат разни стратегии и начини за решавање на насилството.<br>Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите |

| | | |
|---|---|---|
| обροците во основно училиште<br>• Кодекс на однесување;<br>• куќен ред на училиштето;<br>• набљудување на условите во училиштето;<br>• протокол за превенција и заштита од насилство;<br>• анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; | | (наставниците, учениците и родителите). Вработените си ги знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители. По преземените активности, насилството од прво и второ ниво во училиштето се намалуват, а нема евидентирано насилство од трето ниво. |
| • педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>• записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>• записници од советот на родители и родителски средби;<br>• анкети и интервјуа со директорот, родителите, | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | *Во училиштето се превземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога.*<br>Од сите испитаници од редот на родителите 62,94% целосно сметаат дека училиштето превзема мерки и се справува со алкохолизмот, пушењето и наркоманијата.<br>*Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога.*<br>61,54% од наставниците се изјасниле дека целосно реализираат работилници на тема пушење, алкохолизам или наркоманија.<br>Според овие резултати и увидот на сите аспекти поврзани со оваа проблематика може да се увиди дека училиштето, односно стручната служба и одделенските раководители, организираат работилници, панел дискусии на овие теми во рамките на одделенските часови |

| | | |
|---|---|---|
| наставниците и со стручните соработници;<br>• педагошка евиденција и документацијата;<br>• организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.;<br>• записници од спроведените активности за професионална ориентација. | | според прирачниците за животни вештини. Меѓутоа соработката со другите институции за разработка на овие теми не ги задоволува потребите на училишните структури во училиштето за целосно и долготрајно решавање на овој проблем.<br>Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана за пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. |
| | Квалитет на достапна храна | *Се води грижа за учениците во делот на здравата исхраната преку работилници и предавања*<br>Поголемиот дел од родителите односно 87,41% целосно сметаат дека училиштето води грижа во однос на здравата исхрана и здравиот начин на живот на учениците. Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето и сето тоа е согласно Правилникот за стандардите за исхрана и оброците во основно училиште. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана и училиштето соработува со други институции кои се занимаваат со производство и транспорт на здрава храна. |
| | Хигиена и заштита од болести | Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Редовно и во доволни количини се набавуваат средства за хигиена и одржување на училишната зграда. Воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат барем два пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и |

| | | |
|---|---|---|
| | | во ходниците има корпи за отпадоци. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање прва помош. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Во училиштето има ПП-апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Вработените редовно посетуваат разни обуки на теми поврзани со безбедноста и заштитата од разни ситуации во училиштата кои тековно се организираат. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозените семејства | *Учествувам во воспитување на учениците за почитување на различностите меѓу нив. Ученици со потешкотии, посебност, верска и етничка припадност, социјални разлики, полови разлики, надарени ученици.*<br><br>Од вкупниот број на испитани наставници, 86,54% целосно се согласвуваат дека во училиштето се разработуваат теми и работилниоци за почитување на различностите меѓу учениците.<br><br>Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства. Во организирањето и спроведувањето на разни излети, екскурзии и други посети, училиштето согласно Правилниците ги детектира и |

| | | |
|---|---|---|
| | | ослободува од финансиски надоместок социјално ранливите категории на ученици. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | *Училиштето соработува со локалната здравствена установа во однос на организирањето на систематските прегледи и вакцинацијата на учениците.*<br><br>Од спроведените анкети 99,3% од испитаниците целосно се изјасниле дека во училиштето се организираат и спроведуваат систематски прегледи на учениците. Во соработка со локалната поликлиника, според Календарот за имунизација и систематски прегледи редовно се спроведуваат систематски прегледи и вакцинација кај учениците.<br><br>Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа). |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | *Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете.*<br><br>Поголемиот дел од наставниците, родителите и учениците, 97,87% целосно се согласиле дека училиштето води грижа за добросостојбата на учениците.<br><br>*Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем.*<br><br>93,39% од анкетираните ученици  се изјасниле дека добиваат целосна поддршка од структурите во училиштето за решавање на било каква проблемска ситуација.<br><br>Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социоемоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и |

| | | |
|---|---|---|
| | | на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење и на учениците им се пружа целосна социоемоционална поддршка. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | *Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците.*<br><br>Поголемиот дел од наставниците, родителите и учениците, 70,63% целосно се согласиле дека училиштето а 20,28% се согласиле дека училиштето ги поддржува и им дава потребни информации на учениците за нивното понатамошно образование.<br><br>Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и устни соопштенија. Училиштето им дава помош на учениците и на нивните родители/старатели во избор на средното училиште. |

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| |
|---|
| **Опис/ резиме на подрачјето:**<br><br>Училиштето е препознатливо по одличниот имиџ и по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и континуирано остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива добар респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето има Кодекс на однесување во кој |

се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.Дисциплината на учениците главно задоволува. Постои работна атмосфера за време на часовите и вонаставните активности. Од анкетите може да се заклучи дека почитувањето и соработката помеѓу учениците може да се подобри. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат дисциплината за време на настава. Во училиштето активно функционира Ученичкиот парламент. Во негови рамки, јасно е утврдена и функцијата на Ученичкиот Правобранител, со своја канцеларија. На ученичка иницијатива се организираат работилници, дебати,панел дискусии, форуми за промовирање на Правата на децата и разрешување на конфликтни ситуации и други проблеми. Ваботените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Во училиштето може да се продлабочат планирањето и реализирањето на активностите поврзани со локалната заедница преку спроведувања на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница, но истата може и треба да е продлабочи..Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата. Училиштето соработува и со невладиниот сектор, постојат добри практики во досегашната работа кои ги оценуваме како исклучително важни.

Во училиштето постојат безбедни услови за реализација на редовната настава и вон-наставните активности. Исто така има правилници и упатства за постапување во случај на елементарни непогоди и има обучени лица (кои поседуваат сертификати) за давање прва помош на учениците во случај на незгода. Нема појава на дискриминација на учениците по било која основа, а застапени се мал број на случаеви со насилно однесување, но за истите се преземаат соодветни мерки согласно Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување од страна на одговорниот и тимот за ненасилство во училиштето, во соработка со класен раководител и родител, како и со релевантни институции и Локалната самоуправа за спречување на девијантни појави во училиштето. Психологот има програма со која им се дава советодавна помош на учениците и родителите. Исто така во училиштето има засебни програми и тоа: Програма за грижа за здравјето на учениците, , програма за работа со учениците со потешкотии и посебни образовни потреби, програма за работа со надарени и талентирани ученици, програма за работа со Ученичката заедница, програма за превенција на насилното однесување, програма за работа со учениците со соци-емоционални потешкотии и сл. Се

води сметка за квалитетна храна на учениците. Особено внимание се насочува за подршка на учениците со телесни пречки во развојот,а исто така се води грижа за ученици од социјално загрозени семејства. Хигиената е на високо ниво. Учениците се заштитени од болести преку редовни вакцини и систематски прегледи. Посебен акцент од страна на сите вработени во училиштето се става на заштита на децата од болести и други несакани ситуации. Се води грижа за здрава животна средина преку спроведените еколошки акции. На учениците им се дава советодавна помош за понатамошното образование. Има соработка помеѓу учениците родителите и наставниците и стручната служба за професионално насочување и ориентација на учениците. На учениците им се обезбедуваат информации за понатамошно образование. Професионална ориентација на учениците и родителите им е обезбедена преку користење на промотивни материјали (флаери, трибини,отворени денови,посети на училишта). Наставниците редовно водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Постои добра соработка меѓу стручната служба, наставниците и родителите за следење на напредокот на учениците. Се врши советување на родители чии деца се нередовни од страна на стручната служба, покажуваат несоодветно однесување или намален успех во учењето. Редовно се изготвуваат извештаи и анализа од страна на наставниците по класификациски периоди за паралелките врз индивидуалните евиденции за учениците. На истите редовно се врши увид од стручната служба и раководниот кадар, така што резултатите од анализите за напредокот по паралелки и за секој ученик се користат за подобрување на воспитно- образовниот процес.

**Силни страни**

- Се почитува Кодексот на однесување од сите субјекти.
- Полово-етничка дискриминација меѓу учениците не постои.
- Постои помаѓање и соработка меѓу учениците со различни способности.
- Постои соработка меѓу наставниците, стручната служба и директорот на училиштеот.
- Училиштето ги промовира сите ученици подеднакво.
- Училиштето има критериуми за оценување на учениците.
- Училиштето ја анализира и вреднува етничката, културната и верската разноликост во училиштето.
- Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците.
- Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.
- Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците.

- Во училиштето успешно функционира Ученичкиот парламент,во негови рамки и функцијата Ученички правобранител,со своја канцеларија.Тоа ја потврдува ученичката партиципација на демократски начин во сите сегменти.
- Сите чинители ги познаваат и промовираат правата на децата.
- Училиштето води подеднаква, севкупна грижа за сите ученици без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;
- Се води грижа за здравјето на учениците;
- Контуинирано следење на напредокот на учениците;
- Во училиштето постојат механизми за навремено справување со конфликти и секаква форма на насилно однесување согласно Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;
- Постои разработена стратегија за задоволување на емоционалните, физичките и психичките потреби на учениците;
- Училиштето соработува со институции од локалната средина и надворешни стручни лица (Поликлиника Ченто, МВР, Центар за социјална работа, Црвен Крст и др.)
- Планирање и реализирање на темите од ова подрачје од страна на училишниот психолог
- Училиштето им обезбедува на учениците секаков вид на информации за изборот на понатамошното образование
- Постои соработка со родителите на учениците;
- Постојана соработка со родители преку социјалните мрежи

**Слаби страни**

- Развивање на соработката помеѓу ученик, наставник и родител со цел подигање на свеста и сензитивизација на структурите од овој триаголник за меѓусебно почитување и справување со насилство.
- Соработка со локалната заедница и други институции за целосна помош и поддршка на сите ученици како и на училиштето како институција што е од големо значење за локалната заедница
- Превенција и заштита од пушење, алкохол и дрога преку организирање на активна училишна кампања, работилници, панел дискусии и соработка со институциите од локалната заедница.

**Приоритети**

- Зајакнување на капацитетите кај учениците за меѓусебно почитување и разрешување конфликти.
- Зголемување на свеста кај учениците за штетноста од пушење, алкохол и дрога.
- Продлабочување на соработката со локалната средина.

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 4.1. Управување и раководење со училиштето<br>4.2. Цели и креирање на училишната политика |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 4.1. Управување и раководење со училиштето | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Програма за работа на училишниот одбор;<br>Деловник за работа на училишниот одбор;<br>Статут на училиштето;<br>Записници, одлуки и<br>извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>Развојна програма на училиштето;<br>Програма за работа<br>на директорот;<br>Програми за професионален развој;<br>Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); | Управување со училиштето | Органот на управување на училиштето е Училишниот одбор конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето на 29.01.2019. Претседател на училишниот одбор е Коте Јанакиевски, член од редот на родителите. Мандатите на членовите на Училишниот одбор се во законски рамки.<br>Работата на Училишниот одбор (во понатамошниот текст УО) е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО заведен под бр. 02-90/9 од 16.02.2016 година, кој е доставен до членовите и се применува во работата на овој орган. Училишниот одбор има своја Годишна програма за работа, која е дел од Годишната програма за работа на училиштето. Седниците на УО ги закажува претседателот во соработка со директорот. Дневен ред се подготвува во координација на претседателот и директорот. Седници се одржуваат редовно. Присутноста е многу добра, редовно со мнозинство присутни членови. На седниците е поканет и учествува ученикот-правобранител. На дневен ред на седниците се разгледуваат прашања во согласност со надлежностите на Училишниот одбор, предвидени со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Според деловникот, секретарот на училиштето редовно ги информира наставниците за работењето на Училишниот одбор, преку истакнување на одлуките на огласната табла согласно Деловникот за работа на УО со што се обезбедува транспарентност на донесените |

| | | |
|---|---|---|
| Интервјуа со членови на училишниот одбор;<br>Анкета до наставен кадар, ученици и родители,<br>Распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во<br>училиштето;<br>Докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи<br>(активности, дописи, апликации), активности<br>Програма за работа на училишната библиотека | | одлуки. Квартално го следи трошењето на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства.  Информирањето на родителите е преку претставниците од Советот на родители. Од анкетираните родители 95,10% се согласуваат со тоа дека Советот на родители редовно е запознаен со одлуките на Училишниот Одбор. Информирањето на Основачот и Министерството е преку свои претставници. |
| | Раководење со училиштето | Со училиштето раководи директор Наташа Тргачевска Мојсовски, именувана со Решение бр. 08-3294/3 од 05.10.2020 од Градоначалникот на општина Гази Баба во втор мандат. Во склоп на Годишната програма за работа на училиштето се содржи и програма за работа на директорот на училиштето.<br>Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштетео со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштетето. Визијата на училиштето е заедничка и јасно вклучена во сите програмски документи кои се изработуваат во училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење на политики, планирање и обезбедување квалитет. Заедно со Тимот за развојна програма, го следи процесот на реализација на акциските планови за реализација на развојната програма. Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите, при што се разгледуваат и се земаат во предвид иницијативите на Советот на родители и учениците (со ова се согласуваат 92,31% од наставниот кадар, 88,81% од родителите и 87,61% од учениците)<br>Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Директорот доделува одговорни задачи на кадарот, ги координира, следи и евалуира реализацијата на активностите, изготвува прегледи, извештаи, врши |

| | | |
|---|---|---|
| | | анализа и информира за резултатите. Врши распределба на задачите, распределба на наставните предмети и задолженија, води грижа за спроведување на Куќниот ред во училиштето и Кодекс на однесување на учениците и наставниците. Успехот на учениците и нивните ментори јавно се истакнуваат и пофалуваат на Наставнички совет и на промотивните страници на училиштето.<br><br>Во остварување на обврските и раководењето, директорот на училиштето поднесува извештај до надлежните органи за успехот и постигнатите резултати во образовната работа, за реализација на годишната програма, како и за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година. При донесувањето одговорни одлуки за воспитно – образовниот процес директорот е поддржан од членовите на Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. Во сите структури во училиштето се вклучени и вработените и родителите од подрачното училиште во с. Брњарци. Образовната политика на училиштето е предвидена во Годишната програма<br><br>Дури 92.31% од наставниот кадар смета дека во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки. Директорот воспоставува добри односи со учениците при што ги зема во предвид иницијативите на учениците за кои тие се изјасниле. Дури 87.61% од учениците се согласуваат дека нивните иницијативи се поддржани од училиштето. Најголем дел од родителите (88,81%) сметаат дека раководниот орган ги разгледува барањата од Советот на родители и постапува според нив.<br><br>Училиштето и раководниот орган даваат информации и поддршка при избор на понатамошното образование наа учениците, со што се согласуваат и 94,23% од наставниците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Директорот на училиштето е постојано со тек со новините во образованието и преку континуирана соработка со наставниците, наставникот ментор и стручната служба ги имплементира во училиштето. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Работата на директорот е оценета со високо ниво на општиот увид од страна на БРО на 21.03.2024 во извештајот со деловоден број 10-19/540 добиен на 26.03.2024. Се остварува и редовна соработка со непосредната локална и деловна средина, како и граѓанските организации (посети, предвања, и сл.). Училиштето соработува и со останатите училишта на ниво на општина, како и пошироко на ниво на држава, но се вклучува и во меѓународни образовни мрежи. Особено сме горди на фактот што нашето училиште доби две признанија на европско ниво во рамки на интернационалната мрежа на СТЕМ училишта (ознака за експерт училиште), како и во рамки на заедницата на училишта кои промовираат кодирање (ознака за CodeWeek училиште). |
| | Управување и раководење со ресурсите | Директорот има план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Наставата во општинското основно училиште „Крсте Мисирков“, Скопје се изведува во централното и подрачното училиште во с.Брњарци. Училишната зграда во централното училиште е од монтажен тип. Вкупната бруто површина на училиштето изнесува 17674 м2 (централно училиште) и 2355 м2 (подрачно училиште), односно нето површина 3271 м2 (централно училиште) и 124 м2 (подрачно училиште). Училиштето располага и со три спортски терени, библиотека и медиатека, како и 6 помошни простории. Наставата се изведува во 24 училници и спортска сала. Училиштето е изградено во 1963 година. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Најголем дел од наставниците (84,60%) сметаат дека во училиштето постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на наставата и за организирање воннаставни активности. Училишната зграда е стара и покрај големиот број на реализирани активности во поглед на подобрување на постоечката инфраструктура, сепак сите напори се сведуваат на адаптација на веќепостоечкиот простор и очигледна е потребата од нова училишна зграда.<br><br>Во училиштето постои надворешна пристапна рампа за лица со попреченост со што се овозможува нивно непречено учество во воспитно образовниот процес.<br><br>Училиштето навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Училиштето располага со најразлични наставни средства и материјали кои секојдневно се користат во наставниот процес со цел успешна и квалитетна реализација на наставата. Од резултатите добиени од спроведента анкета може да се констатира дека потребата од наставни средства и материјали се утврдува во договор со директорот на училиштето, а училиштето во согласност со своите можности ги обезбедува потребните наставни средства и помагала. Анкетата укажува на тоа дека најголем дел од наставниците (88,47 %) сметаат дека во училиштето континуирано се утврдува потребата за наставни средства и помагала и истите се обновуваат согласно потребите со цел да одговараат на современите наставни текови. Исто така, 90,39% од нив сметаат дека училиштето им го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности.<br><br>Училишната библиотека располага со по пет книги по ученик, што јасно укажува на фактот дека е потребно збогатување на фондот на книги во истата. Библиотеката е добро уредена, располага со простор |

| | | |
|---|---|---|
| | | за читање кој се користи и за организирање разновидни воннаставни активности, работилници и слично. Потребно е доопремување на овој простор и негово претворање во медијатека за да одговара на современите образовни трендови. Со ова се согласуваат и учениците, само 72.95% од учениците сметаат дека библиотеката е место каде можат да читаат и учат во пријатна атмосфера.<br><br>Библиотеката е отворена за користење од страна на наставниците и учениците во текот на целиот училишен ден, што потврдуваат и најголем дел од учениците (86,00 %) според спроведената анкета. Достапноста на уилишната библиотека ја потврдуваат и 93,67% од родителите. Во библиотеката постои и компјутер со пристап до интернет, а се води и електронска база на податоци за постојната литература во библиотеката.<br><br>Според пописните листи од направениот попис во училиштето, моменталната состојба на библиотечниот фонд е следнава: вкупен фонд на книги е 12 923, лектирни изданија има 2781, стручна литература 1587 и друга литература 6955. |
| | Раководење со кадарот | Во училиштето има вкупно 62 вработени и бројот на вработени одговара на потребите на училиштето. Вработените во училиштето се распоредени на следниов начин: 1 директор; 4 стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар); 48 наставници; 1 секретар; 6 хигиеничари; 1 хаусмајстор; 1 чувар.<br><br>Според половата структура на вработените: 51 (62,26%) се жени и 11 (17,74 %) се мажи. Според степенот на образование на вработените од вкупно 62 вработени во училиштето 7 (11,29%) се магистри, 43 (69,35 %) се со високо образование, 4 (6,45 %) се со вишо образование, 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | | (11,29 %) се со средно образование, 1 (1,81 %) се со основно образование.<br><br>Воспитно образовниот процес во училиштето го реализираат вкупно 49 наставници: мажи – 7 (14,29 %) и жени – 42 (85,71 %). Одделенски наставници се 20 (40,82 %), предметни наставници 29 (59,18 %).<br><br>По вид на образование магистри се 5 (10,42 %), со високо образование се 39 (81,25 %), со вишо образование се 4 (8,33 %).<br><br>Тројца вработени работат во подрачното училиште во с. Брњарци: двајца наставника работат во комбинирани паралелки и еден хигиеничар.<br><br>Наставниот кадар е во согласност со нормативите, квалификуван и способен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Спроведената анкета покажува дека сите наставници се чувствуваат квалификувани и оспособени да ги преземат одговорностите во наставата и вонннаставните активности. Од спроведената анкета со родители може да се заклучи дека 97,21% од нив сметаат дека наставниот кадар во училиштето е компетентен и квалитетен за реализација на воспитно образовната работа.<br><br>Училиштето има педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор кои се соодветни според норматив и им ја пружаат неопходната поддршка на наставниците. Дури 95,10% од родителите сметаат дека можат слободно да бараат совет и поддршка од училиштето и стручната служба во однос на учениците.<br><br>Наставниот кадар е соодветно распределен и најголем дел од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Наставниот кадар е редовно |

| | | |
|---|---|---|
| | | присутен во извршување на работните обврски и задачи. Сите отсуства од работа редовно се пријавуваат кај работодавниот орган. Отсуствата од работа се во согласнот со Законот за работни односи. Кога има отсутни наставници нема прекин во наставниот процес затоа што отсуствата навремено се пријавуваат и веднаш се прави нов распоред на реализација на наставата при што учениците не губат часови туку се заменуваат часовите на отсутните наставници кои потоа имаат задача да ги надополнат изгубените часови со учениците. Редовноста на наставниците исто така се следи со евидентирање со картички на електронски апарат за време. Наставниците редовно присуствуваат на Одделенските и Наставничките совети.<br><br>Професионалниот развој на наставниците се планира и реализира индивидуално, на ниво на стручни активи и на ниво на училиште. Секој наставник изработува личен план за професионален развој и го имплементира истиот, изготвувајќи извештај за неговата реализација. Сите наставници во училиштето имаат изготвено личен план за професионален развој во врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции наставниците и успешно ги идентификуваат компетенциите кои би сакале да ги подобрат преку разни обуки, семинари и конференции. Согласно анкетата со наставници сите наставници (98,07%) успешно ги идентификуваат подрачјата за сопствен професионален развој, при што имаат поддршка од останатите наставници во рамки на стручните активи. Врз основа на личните планови за професионален развој, годишната програма за работа на училиштето, како и програмата за развој се изработува план за професионален развој на ниво на училиште и се следи неговата имплементација.<br><br>Наставниците во училиштето настојуваат да одржат чекор со сите модерни трендови и успешно да ја реализираат наставата со цел |

| | | |
|---|---|---|
| | | подигнување на квалитетот на истата и стекнување на трајни и применливи знаења. Согласно спроведената анкета со наставниците, 92,31% од нив сметаат дека во училиштето се поттикнати стручно да се усовршуваат. Сите наставници (100%) се задоволни од можностите за интерно и екстерно професионално усовршување, согласно со потребите, образовните реформи и современитите образовни текови. Професионалното усовршување се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот, со што се согласуваат и 98.07% од наставниците.<br><br>Притоа, професионалното усовршување во училиштето се остварува без да се наруши воспитно-образовниот процес во училиштето, за што грижа води директорот на училиштето, преку обезбедување на соодветна замена кога наставниците се отсутни од настава заради на различни форми на професионално усовршување.<br><br>Во изминатите две години наставниците кои реализираат настава согласно новата Концепција за основно образование посетија обуки за имплементација на новите наставни програми,. По реализацијата на овие обуки, наставниците интензивно соработуваа во рамките на стручните активи и стекнатите знаења од овие обуки (организирани од Бирото за развој на образованието) ги искористија при секојдневната реализација на наставата.<br><br>Во текот на учебната 2022/ 2023 година наставниците посетија поголем број на обуки, вебинари и конференции во насока на подобрување на нивните професионални компетенции. Сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставници во училиштето ги посетија соодветните обуки израни од Каталогот на акредитирани обуки од страна на МОН и БРО и тоа:<br>- Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата (подрачје Поучување и учење)<br>- Настава насочена кон постигнување на резултати од учење од повисоко ниво (подрачје Поучување и учење)<br>- Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми (подрачје Поучување и учење)<br>- Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците (подрачје Создавање стимулативна средина за учење)<br>- Справување со врсничко насилство и кибернасилство (подрачје Создавање стимулативна средина за учење)<br>- Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици (подрачје Социјална и образовна инклузија)<br>- Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) (подрачје Професионален развој и професионална соработка)<br>- Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување  и создавање на позитивна социо-емоционална клима (подрачје Работа со наставниците) – обука која ја посетија стручните соработници во училиштето<br>Најголем број од наставниците во нашето училиште ги посетија Едуино вебинарите: |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети<br>- Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени<br>- Развивање креативни вештини преку везуелни приказни<br>- Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети<br>- Улогата на ресурсниот центар во подршка на редовните основни училишта<br>- Предизвикувачко однесување - справување и добри практики<br>- Вовед во наставни компетенции со технолошка подршка на наставата<br>- Стимулација на говор во рана возраст + Cboard<br>- Вовед во формативно оценување<br>- Креирање тесстови и оценување<br>- Рана интервенција - Достапни опции и услуги (ICF)<br>- Вовед во педагошки практики кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици<br>- ЕДУИНО 2Д Лабораторија - Ресурси за искуствено учење<br>- Вклучување на деца бегалци, мигранти без државјанство и баратели на азил во воспитно-образовниот процес<br>- Родителите и децата од дигиталната генерација<br>- Нови медиуми и социјални мрежи |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Говор на омраза во онлајн медиумите<br>- Визуелни дезинформации и фотофорензика<br><br>Наставниците Анета Топалова и Анета Чаковска ги посетија вебинарите: Како учионицу претворити у лабараторију?, Стем са мамом и татом, и Моја планета, моји еко-херои и ја, во организација на STEM zbornica. Наставничката Анета Топалова учествуваше и на обуки за изготвување на ИОП и модифицирана наставна програма, како и обука за поддршка на училишните инклузивни тимови, во организација на БРО, како и обука за Имплементација на МКФ организирана од Здружението „Образование за сите“ и Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ. Настаавничката Анета Чаковска учествуваше и на eTwinning вебинаи: Оценување и сродни поими како мерење, вреднување, евалуација на стекнати знаења и вештини; Превртена училница; Апликација за Национална ознака за квалитет; eTwinning проекти во наставата и воннаставните активности. Во организација на Здружението на професори по географија истата учествуваше на вебинари: Улогата и значењето на географијата во креирањето на нови светски политики, а во организација на Македонско географско друштво на едукативен вебинар за професорите по географија. Во организација на ПМФ учествуваше на работилница Светскиот ден на геодиверзитетот, а во организација на УТМС -Институт за национална географија на обука Вештини за справување со различности.<br><br>Наставникот по физичко и здравствено образование Дејан Ангеловски, учествуваше на состанок во рамки на проектот „Активни фамилии“ |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставникот Десанка Ѓорѓиевска учествуваше на Еднодневна интерактивна работилница за наставници од основните училишта на тема: „Собранието и граѓанското образование“.<br><br>Во текот на месец септември наставниците Анета Топалова и Маја Виденовиќ учествуваа на работилница - СТЕМ училишта, како да се зголеми интересот за СТЕМ наставата и како да се развие добра СТЕМ училишна стратегија. По враќањето истите ги споделија стекнатите знаења со наставниците во училиштето како почетен чекор за создавање на училишна клима која ќе има за цел да ги промовира СТЕМ науките.<br><br>На почетокот на првото полугодие од учебната 2022/ 2023 година наставникот ментор Маја Виденовиќ го заврши вториот дел од обуката за медиумска писменост, со што доби сертификат за имплементација на содржини за медиумска писменост во наставните предмети, согласно новата Концепција за основно образование. Исто така во овој период посети и неколку интернационални обуки: “Learner centered approach“ (Пристап со фокус на ученикот) и “Learn&Lead – Self management“ (Учи и води) во Вилниус, Литванија, по што истата се здоби со сертификат за интернационален обучувач за овие теми. Истата посети и обука “Building excellent schools based on the EFQM model of excellence” во Рига, Латвија.<br><br>Наставникот Маја Виденовиќ ја посети и обуката за обучувачи “What the future wants” организирана од Гете институт, на тема дигитално живеење и се здоби со можност да реализира ваков тип на обуки на национално ниво. Исто така во текот на првото полугодие наставникот присуствување и на две интенационални конференции. Во месец октомври присуствуваше на International Scientific Conference on Social Innovations Socin22, каде презентираше труд на тема: Using Games to Learn Cyber Security in a Sustainable Way. На |

| | | |
|---|---|---|
| | | конференцијата ULCA Pathway to excellence schools во Ружомберок, Словачка, реализираше работилница: Integration of digital tools to support active learning.<br><br>Во рамки на својот професионален развој наставникот Маја Виденовиќ ја посети и обуката “Edu-Hackathon with Google” во Брисел, Белгија на која беа креирани сценарија за учење базирани на инклузија и одржливост.<br><br>Наставникот Маја Виденовиќ учествуваше на обука ICT_INOV Methodology for innovators, и Make it Open Schooling во организација на European SchoolNet. Посети и вебинар STEM Alliance, Scientix and OneStream Webinar: A Coding Journey - From Classroom to Career. Истата учествуваше и со активности во рамки 2023 STEM Discovery Campaign и Make it Open Schooling Competition 2023.<br><br>Наставникот Анета Придаенкоска посети и неколку обуки во организација на British Council: Engaging with Learning outcomes, Understanding classroom language, Understanding assessment for learning, Engaging with assessment for learning, Understanding approaches to inclusive learning. Во организација на Филозофски факултет – центар за менаџмент на човечки ресурси Анета Придаенкоска и Марија Бошковска ја посетија обуката: Менталното здравје на младите и социјалните медиуми.<br><br>Во организација на American College наставникот во англиски јазик Даниела Здравева Стевковска ја посети обуката Teaching English to Young Learners: How Theory Can Inform Pedagogical Choices.<br><br>Наставникот Виолета Миноска учествуваше на работилница: Почетно ниво - градење на капацитетите кај просветните работници, на темата |

| | | |
|---|---|---|
| | | велосипедизам, оддржливост и безбедност во сообраќајот, во организација на Еко логик.<br><br>Наставникот Наташа Неданоска ја посети обуката Како до успешна Еразмус + апликација, во организација на Националната програма за европски образовни програми и мобилност.<br><br>Во текот на месец мај како дел од активностите за препознавање и справување со врсничко насилство, наставникот Анета Придаенкоска одржа работилница на тема: Кажи не на насилството и дискриманицијата преку игри.<br><br>Во текот на годината во училиштето беше формирана и заедница за учење, во која повеќе наставници заеднички ја следеа обуката Unlocking the Power of AI in Education, во организација на European SchoolNet. Наставниците Маја Виденовиќ, Фросина Алексовска, Ана Николовска Николова, Весна Димитрова, Анета Топалова и Анета Чаковска, заеednички во текот на 6 недели следеа обука, применуваа различни AI алатки во наставата и се подготвуваа за новите предизвици кои ги носи навлегувањето ан вештачката интелигенција во образованието. Наставникот Маја Виденовиќ доби и сертификат за Study Group Leader. Како продолжение на ова соработка наставниците Маја Виденовиќ, Анета Топалова и Весна Димитрова успешно ја заврпија и обуката Games in Schools 2023 во организација на European SchoolNet.<br><br>Во училиштето успешно се реализираат и различни облици на хоризонтално учење. Стручните активи во училиштето ги реализираат своите програми за работа во кои се застапени следните активности: комуникација, размена на професионално искуство, отворени часови во одделенска и предметна настава, работилници |

| | | |
|---|---|---|
| | | според потребите на наставниците, презентации, решавање на одредени проблеми итн.<br><br>Со почетокот на учебната 2023/ 2024 година започна обуката во организација на Министерството за образовнаие и наука, ЕСАРУ администраторот посети обука за имплементација на нов ЕСАРУ систем во образовниот процес.<br><br>Наставниците од одделенска настава, како и наставниците по македонски јазик зедоа учество во обуката за медиумска писменост во рамките на проектот „Младите размислуваат“, во организација на БРО и IREX.<br><br>Наставниците од одделенска настава, како и наставниците по македонски јазик, математика, историја и општество, како и придони науки зедоа учество во обуката за за користење на дигитални интерактивни учебници.<br><br>Наставникот по информатика Маја Виденовиќ, во текот на првото полугодие ја посети обуката за училишни координатори за Меѓународно истражување за настава и учење (ТАЛИС), кое ќе се проведи во текот на месец февруари 2024. Овој наставник зема учество како презентер со свои истражувања и на две меѓународни конференции. На 2nd edition of the EASE Summit- European Summit of STEAM Educators, кој се организираше онлајн, наставникот дискутираше за креирање на мотивирачка и интерактивна средина за учење со користење на мобилна едукативна игра, а на XIII International Conference on Applied Internet and Information Technologies зборуваше за примената на Блумовата таксономија и дигиталните компетенции на наставниците при изучување кодирање во основните училишта. На двете конференции имаше можност ад |

| | | |
|---|---|---|
| | | слушне и други предавања од интернационални истражувачи кои понатаму ќе ги сподели со наставниците на училишно ниво.<br><br>Наставниците Маја Виденовиќ и Анета Чаковска учествуваа и на Технолошки капм за медиумска писменост „Справување со дезинформации преку образование“, во организација на Центарот за иновации и дигитална едукација и Американската Амбасада во Скопје и стекнатите знаења ги дисеминираа со наставниците во рамки на стручниот актив.<br><br>Наставникот Анета Чаковска посети неколку вебинари во организација на eTwinning одделението при Секторот за координација и реализација на европски програми и мрежи: Писменост на 21от век, методи и пристапи преку игра, eTwinning Weeks 2023, Препознавање на трудот на наставниците и оддавање признанија нудејќи им можност за вреднување на нивните активности во рамки на еТвининг и програмата Еразмус. Истиот наставник во организација на Obrazovni centar STEM го посети вебинарот: Moje dete i nauka: Kako predstaviti deci nauku?“, а преку Смарт АП - Лабараторија за социјални иновации, учествуваше на вебинарот ЕДУинклузија- Иновираме за секое дете. Наствникот беше панелист и на панел-дискусијата на тема „Географијата во процесот на трансформација на македонското образование“, во организација на ЗПГМ поф.д-р Љубе Миленковски – Скопје.<br><br>Наставникот Ана Николова, во организација на Црвен Крст, општинска организација Гази Баба-Скопје, учествуваше во кампања за обука на наставници и ученици: „Првата помош спасува живот“.<br><br>Во училиштето успешно се реализираат и различни облици на хоризонтално учење. Во текот на првото полугодие наставниците Анета Придаенкоска и Маја Виденовиќ реализираа обука за |

| | | |
|---|---|---|
| | | користење на разни извори, материјали и средства во процесот на учење вклучувајки и безбедно користење на ИКТ. Во насока на подобрување на квалитетот на следење на постигањата на учеиците и давање на позитивна и конструктивна повратна информација во училиштето се реализираше интерна обука од страна на наставниците Анита Ангеловска и Маја Виденовиќ  - Обука за примена на Националните стандарди во поучувањето и во оценувањето на учениците и сумативно оценување.<br><br>Во текот на првото полугодие од учебната 2023/ 2024 во училиштето беше формирана и „заедница за учење“ координирана од наставникот по информатика Маја Виденовиќ, во која учествуваа и Мирјана Малјановска, Благица Ристивојевиќ, Благица Атанасова, Фросина Алексовска, Оливера Костадиноска, Анета Топалова, Анета Чаковска, Весна Димитрова и Ана Николова. Овие наставници заедно ја следеа обуката Navigating innovative technologies across the curriculum, во организација на European Schoolnet Academy. Во рамките на овие обука, наставниците стекнаа знаење и вештини за вклучување на кодирање во различни наставни предмети, креирање на различни мобилни апликации, користење на VR, AR, како и AI во наставниот процес. Наставниците соработуваа, учеа едни од други и си помагаа за време на курсот заеднички надминувајќи одредени бариери (јазични, дигитални, во однос на вештини за кодирање итн.). Тие научија многу нови алатки, стратегии и пристапи за вклучување на кодирањето во различни наставни предмети и самостојно организираа и реализираа голем број на активности со учениците.<br><br>Во текот на второто полугодие од учебната 2023/ 2024 година беше реализирана работилница за Примена на генеративна вештаќка интелигенција во образованието од страна на наставникот ментор на |

| | | |
|---|---|---|
| | | која наставниците се оспосонија за примена на најсовремени технолошки трендови во својата работа.<br><br>Наставникот Ана Николова, во организација на Црвен Крст, општинска организација Гази Баба-Скопје, учествуваше во кампања за обука на наставници и ученици: „Првата помош спасува живот“.<br><br>Дел од наставниците во училиштето учествуваа на ЕДУЛАБ вебинар „Тренинг за сајбер безбедност за едукатори“, организирана од Едуино, како и на вебинар „Зајакнување на наставничките компетенции за медиумска писменост во ерата на вештачката интелегенција“.<br><br>Наставниците по физичко и здравствено образование учествуваа на обуки ISF PE Teacher training.<br><br>Наставникот по англиски јазик Даниела Здравева Стефковска учествуваше на интернационална онлајн конференција - Be Generation Alpha Ready.<br><br>Наставникот по информатика Маја Виденовиќ учествуваше на настан за одбележување на Денот за побезбеден Интернет во рамки на проектот „Сајбер патеки за жени“, каде во сесијата „Запознај се со сајбер – професионалец“, ги презентираше активностите кои се преземаат во училиштето за подигање на свеста на учениците за сајбербезбедност. Истата учествуваше и на работилница за Одржливост во дигиталното образование, која се одржа во Learning Planet Institute во Париз, Франција, а беше организирана од Европската Комисија, каде преку дискусии, споделување искуства и идеи заедно со професионалци од различни образовни институции од сите делови на Европа, ги зајакна компетенциите поврзани со одржливоста во дигиталното образование на европско ниво. Наставникот учествуваше и на онлајн курсот Media Literacy Case for |

| | | |
|---|---|---|
| | | Educators: Empowering educators for the next Digital Decade, каде се стекна со знаења и вештини за имплементација на содржини од медиумската писменост во наставата.<br><br>Во текот на учебната 2023/ 2024 година наставникот Маја Виденовиќ беше дел и од The Transatlantic Educators Dialogue (TED) програмата која овозможува комуникација и соработка на наставниците од Европа и САД, обезбедувајќи платформа за споделување на искуства и заедничко истражување на образовни практики и предизвици на различни теми од образованието. Во рамките на оваа програма беше промовирана на интернационално ниво како истакнат наставник во 2023-24 TED Fellows Program.<br><br>Согласно законската регулатива за професионален и кариерен развој, во училиштето има наставник ментор – наставникот по информатика Маја Виденовиќ, која редовно изготвува програма за работа, а во изминатите две години имаше и наставници приправници за кои изготвено и програма за работа со наставник приправник и водеше дневник за менторство.<br><br>Најголем дел од наставниците (86.54%) сметаат дека во училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во наставата. Стручните соработници за наставниот кадар уредно водат педагошки картон за професионален развој, односно професионални досиеја во кои се евидентираат сите признанија сертификати, дипломи и сл. Овие професионални досиеја редовно се ажурираат.<br><br>Училиштето ги следи законските рамки за реализација на приправничкиот стаж а во училиштето има и наставник ментор кој им ја дава неопходната поддршка на наставниците почетници за што има |

| | | |
|---|---|---|
| | | изготвено програма за менторство и редовно води дневник за менторство.<br><br>При вработување и распределба на кадарот се земаат предвид соодветната квалификација, искуството и експертизата на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата. Наставникот ментор им ја дава неопходната поддршка во работењето и следењето на сите образовни трендови на наставниците во училиштето. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие. Со ова се согласуваат и 96.15% од наставниците. Според анкетата, 92,31% од наставниот кадар за овие часови добива и конструктивна повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за успешно следење на наставниот час. |
| Индикатор 4.2. Цели и креирање на училишната политика | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Развојна програма на училиштето;<br><br>Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>Извештај од самоевалуација; Акциските планови за реализација на развојната програма; | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има процедури за креирање на училишната политика. Во постапките за креирање на училишната политика се вклучени наставниците, родителите и учениците како и секторот за образование од основачот - Општината. Учениците и родителите се запознаени со целите, начелата и вредностите на училиштето, исто така и со начинот на нивното остварување и подобрување. Информирањето на сите заинтересирани субјекти се врши со доставување на писмени документи до субјектите, со писмени документи поставени на огласна табла но и усно на индивидуални или групни состаноци и средби. Вработените во училиштето како носители на поголемиот број |

| | | |
|---|---|---|
| Анкети со наставниците, родителите, учениците;<br>Записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет;<br>Интерни акти;<br>Програма за работа и извештаи<br>за работата на училишниот одбор;<br>Деловник за работа на училишниот одбор;<br>План за професионален развој;<br>Буџет и финансиски план<br>на училиштето. | | активности во соработка со учениците, пред се учениците - членови на ученичката заедница како носители на активности на ученичката заедница и родителите се залагаат за остварување на примарните цели на училишната политика но и за континуирано унапредување на истата. Училиштето ги подржува иницијативите произлезени од ученичката заедница и родителите. Примарните цели како пренесување знаења, воспитување, развивање животни навики на учениците се остваруваат преку континуирано следење и вреднување на работата на учениците во рамки на редовната настава, воннаставните активности и натпреварите, континуирано следење на редовноста на наставата, и функционирањето на триаголникот ученик-наставник-родител. Во креирањето на политиката вклучена е и безбедноста и грижата за здравјето на учениците. Училиштето има Куќен ред, Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор. Во насока на безбедноста училиштето има изработено и Протокол за потапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Унапредување на училишната политика се врши преку континуираната работа на училиштето за унапредување на инклузијата на децата со попреченост во училиштето со вклучување на инклузивниот тим во проекти во соработка со образовниот сектор од општината и претставници на стручните тела за функционална проценка, преку едуцирање и учество на наставниот кадар на вебинари, обуки, со цел да се постигне вреднување на различностите, промовирање еднаквост и недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик.<br>Во училиштето наставниот кадар соработува во училишни тимови кои делуваат соогласно годишната програма и истиот во рамки на Наставничкиот совет како највисок стручен орган со кој раководи |

| | | |
|---|---|---|
| | | директорот на училиштето, се грижи за воспитно-образовниот процес. Состаноците на Наставничкиот совет се свикуваат уредно и се одржуваат редовно согласно програмата за работа на Наставничкиот совет. На овие состаноци се разгледуваат успехот и поведението на учениците, наградување како и опоменување врз основа на Правилник се разгледуваат и теми поврзани со примена на иновациите во наставата како и примена на активни методи форми и средства кои го подобруваат квалитетот на наставата како и цели поврзани со целите на делување според развојниот план како и од реализација на додатната и дополнителната настава и слободните активности, работа на создавање на позитивна клима во училиштето, усогласување на критериумот за оценување и вреднување на ученичките знаења и слично. Од одржаните состаноци се водат записници. Наставничкиот совет континуирано има присутност и потребен кворум за работа.<br><br>Вработените во училиштето се исто така вклучени во изготвување на Развојниот план на училиштето при чие креирање се консултираа и родителите и учениците. Во Развојниот план се дефинирани приоритетите на работењето а целите од Развојниот план се реализираат со одредена динамика. |
| | Резултати од развојно планирање | Во училиштето постои развојно планирање и целите дадени во него се јасни и во насока да ја отсликаат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Тие се конкретни, остварливи и во согласност со предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставникот ментор, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Со ова се согласуваат 98.08% од анкетираните наставници, 95,80% од анкетирааните родители, како и 85,13% од анкетираните ученици.<br><br>Наставниците се информираат преку редовни состаноци на Наставнички совет, Совет на одделенски наставници. Родителите се информираат преку редовни состаноци на Совет на родители, како и редовни родителски состаноци со одделенскиот раководител, а и преку училишнниот веб сајт а учениците се информираат на часовите на одделенската заедница.<br><br>Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели, како и план за следење и евалуација на развојната програма, во најголем дел ја почитува динамиката за следење и реализација. Ситуацијата со Ковид-19 доведе до одредени отстапки во динамиката на реализација на акциските планови. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства.Финансовиот план за 2023 година е разгледан и усвоен од страна на Училишниот одбор на 10.02.2023 а  финансовиот план за 2024 на ден 24.01.2024. Финансискиот извештај за 2023 е разгледан и усвоен од страна на Училишниот одбор на 23.02.2024, додека финансискиот извештај за 2024 е усвоен и разгледан на 22.02.2024. Финансовиот извештај за Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.<br><br>Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. |

Подрачје 4. Управување, раководење и креирање политики

**Опис/ резиме на подрачјето**

Органот на управување на училиштето - Училишниот одбор е конституиран на 08.02.2022 со решение број 02-60/2, во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, а мандатите на членовите се во законските рамки. Претседател на училишниот одбор е Коте Јанакиевски, член од редот на родителите. Работата на Училишниот Одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор заведен под бр. 02-90/9 од 16.02.2016 година, кој е доставен до членовите и се применува во работата на овој орган. Училишниот одбор има своја Годишна програма за работа, која е дел од Годишната програма за работа на училиштето. Седниците на Училишниот одбор ги закажува претседателот во соработка со директорот, а работата на Училишниот одбор е транспарентна, при што одлуките донесени на овие седници се истакнуваат на огласна табла. Училишниот одбор има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Членовите на Училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Квартално го следи трошењето на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Директор во училиштето е Наташа Тргачевска Мојсовски, именувана со решение бр. 08-3294/3 од 05.10.2020 од Градоначалникот на општина Гази Баба во втор мандат. Во склоп на Годишната програма за работа на училиштето се содржи и програма за работа на директорот на училиштето. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето, која е заедничка и е јасно вклучена во сите програмски документи кои се изработуваат во училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење на политики, планирање и обезбедување квалитет, за што има формирано голем број на тимови кои фнкционираат во училиштето. Директорот доделува одговорни задачи на кадарот, ги координира, следи и евалуира реализацијата на активностите, изготвува прегледи, извештаи, врши анализа и информира за резултатите. Заедно со Тимот за развојна програма, го следи процесот на реализација на акциските планови за реализација на развојната програма. Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите, при што се разгледуваат и се земаат во предвид иницијативите на Советот на родители и учениците (со ова се согласуваат 92,31% од наставниот кадар, 88,81% од родителите и 87,61% од учениците). Директорот на училиштето е постојано со тек со новините во образованието и преку континуирана соработка со наставниците, наставникот ментор и стручната служба ги имплементира во училиштето. . Работата на директорот е оценета со високо ниво на општиот увид од страна на БРО на 21.03.2024 во извештајот со деловоден број 10-19/540 добиен на 26.03.2024. Се оставува и редовна соработка со непосредната локална и деловна средина, како и граѓанските организации (посети, предвања, и сл.). Училиштето соработува и со останатите училишта на ниво на општина, како и пошироко на ниво на држава, но се вклучува и во меѓународни образовни мрежи. Особено сме горди на фактот што нашето училиште

доби две признанија на европско ниво во рамки на интернационалната мрежа на СТЕМ училишта (ознака за експерт училиште), како и во рамки на заедницата на училишта кои промовираат кодирање (ознака за CodeWeek училиште).

Наставата во општинското основно училиште „Крсте Мисирков“ Скопје се изведува во централното и подрачното училиште во с.Брњарци. Училишната зграда во централното училиште е од монтажен тип. Вкупната бруто површина на училиштето изнесува 17674 м2 (централно училиште) и 2355 м2 (подрачно училиште), односно нето површина 3271 м2 (централно училиште) и 124 м2 (подрачно училиште). Училиштето располага и со три спортски терени, библиотека и медиатека, како и 6 помошни простории. Наставата се изведува во 24 училници и спортска сала. Училиштето е изградено во 1963 година. Најголем дел од наставниците (84,60%) сметаат дека во училиштето постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на наставата и за организирање воннаставни активности. Иако директорот има план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците, сепак јасна е потребата од изградба на нова училишна зграда која би го подобрила начинот на реализација на наставата.

Училиштето располага со најразлични наставни средства и материјали кои секојдневно се користат во наставниот процес со цел успешна и квалитетна реализација на наставата. Од резултатите добиени од спроведента анкета може да се констатира дека потребата од наставни средства и материјали се утврдува во договор со директорот на училиштето, а училиштето во согласност со своите можности ги обезбедува потребните наставни средства и помагала. Исто така, повеќе од 90% од наставниците сметаат дека училиштето навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.

Училишнаа библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Во библиотеката постои и компјутер со пристап до интернет, а се води и електронска база на податоци за постојната литература во библиотеката. Библиотеката е добро уредена, располага и со простор за читање и е отворена за користење од страна на наставниците и учениците во текот на целиот училишен ден.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Наставниот кадар е во согласност со нормативите, квалификуван и способен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Сите наставници се чувствуваат квалификувани и оспособени да ги преземат одговорностите во наставата и вонннаставните активности, а со тоа се согласуваат и 97,21% од родителите. Училиштето има педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор кои се соодветни според норматив и им ја пружаат неопходната поддршка на наставниците. Дури 95,10% од родителите сметаат дека можат слободно да бараат совет и поддршка од училиштето и стручната служба во однос на учениците. Наставниот кадар е соодветно распределен и најголем дел од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Наставниот кадар е редовно присутен во извршување на работните обврски и задачи.

Сите отсуства од работа редовно се пријавуваат кај работодавниот орган. Отсуствата од работа се во согласнот со Законот за работни односи. Кога има отсутни наставници нема прекин во наставниот процес затоа што отсуствата навремено се пријавуваат и веднаш се прави нов распоред на реализација на наставата при што учениците не губат часови туку се заменуваат часовите на отсутните наставници кои потоа имаат задача да ги надополнат изгубените часови со учениците. Редовноста на наставниците исто така се следи со евидентирање со картички на електронски апарат за време.

Професионалниот развој на наставниците се планира и реализира индивидуално, на ниво на стручни активи и на ниво на училиште. Секој наставник изработува личен план за професионален развој и го имплементира истиот, изготвувајќи извештај за неговата реализација. Сите наставници во училиштето имаат изготвено личен план за професионален развој во врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции наставниците и успешно ги идентификуваат компетенциите кои би сакале да ги подобрат преку разни обуки, семинари и конференции. Согласно анкетата со наставници скоро сите наставници (98,07%) успешно ги идентификуваат подрачјата за сопствен професионален развој, при што имаат поддршка од останатите наставници во рамки на стручните активи. Врз основа на личните планови за професионален развој, годишната програма за работа на училиштето, како и програмата за развој се изработува план за професионален развој на ниво на училиште и се следи неговата имплементација.

Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Наставниците во училиштето настојуваат да одржат чекор со сите модерни трендови и успешно да ја реализираат наставата со цел подигнување на квалитетот на истата и стекнување на трајни и применливи знаења. Согласно спроведената анкета со наставниците, 92,31% од нив сметаат дека во училиштето се поттикнати стручно да се усовршуваат. Сите наставници (100%) се задоволни од можностите за интерно и екстерно професионално усовршување, согласно со потребите, образовните реформи и современтите образовни текови. Професионалното усовршување се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки, но и на обуките кои ги следеле само дел од наставниците надвор од училиштето, со што се согласуваат 98.07% од наставниците. Притоа, професионалното усовршување во училиштето се остварува без да се наруши воспитно-образовниот процес во училиштето, за што грижа води директорот на училиштето, преку обезбедување на соодветна замена кога наставниците се отсутни од настава заради на различни форми на професионално усовршување. Во изминатите две години наставниците посетија поголем број на обуки, вебинари и конференции во насока на подобрување на нивните професионални компетенции, при што од особено значење се обуките за имплементација на новата Концепција за основно образование, како и обуките од БРО од Каталогот на акредитирани обуки од страна на МОН и БРО и тоа:

- Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата (подрачје Поучување и учење)

- Настава насочена кон постигнување на резултати од учење од повисоко ниво (подрачје Поучување и учење)
- Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми (подрачје Поучување и учење)
- Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците (подрачје Создавање стимулативна средина за учење)
- Справување со врсничко насилство и кибернасилство (подрачје Создавање стимулативна средина за учење)
- Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици (подрачје Социјална и образовна инклузија)
- Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) (подрачје Професионален развој и професионална соработка)
- Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима (подрачје Работа со наставниците) – обука која ја посетија стручните соработници во училиштето

Освен организираните форми на професионален развој наставниците учествуваа и на голем број вебинари, обуки, работилници, конференции и слично, со цел зајакнување на своите професионални компетенции.

Во училиштето успешно се реализираат и различни облици на хоризонтално учење. Стручните активи во училиштето ги реализираат своите програми за работа во кои се застапени следните активности: комуникација, размена на професионално искуство, отворени часови во одделенска и предметна настава, работилници според потребите на наставниците, презентации, решавање на одредени проблеми итн. Исто така беа организирани и различни форми на интерни работилници спроведени од наставниците во училиштето. Наставниците Анета Придаенкоска и Маја Виденовиќ реализираа обука за користење на разни извори, материјали и средства во процесот на учење вклучувајки и безбедно користење на ИКТ. Во насока на подобрување на квалитетот на следење на постигањата на учеиците и давање на позитивна и конструктивна повратна информација во училиштето се реализираше интерна обука од страна на наставниците Анита Ангеловска и Маја Виденовиќ - Обука за примена на Националните стандарди во поучувањето и во оценувањето на учениците и сумативно оценување. Наставникот Маја Виденовиќ реализираше и работилница за Примена на генеративна вештаќка интелигенција во образованието од страна на наставникот ментор на која наставниците се оспосонија за примена на најсовремени технолошки трендови во својата работа. Во училиштето е формирана и „заедница за учење“ координирана од наставникот по информатика Маја Виденовиќ, кои заеднички следат обуки, соработуваат, учат едни од други и си помагаат заеднички надминувајќи одредени бариери (јазични, дигитални, во однос на вештини за кодирање итн.).

Согласно законската регулатива за професионален и кариерен развој, во училиштето има наставник ментор – наставникот по информатика Маја Виденовиќ, која редовно изготвува програма за работа, а во изминатите две години имаше и наставници приправници за кои изготвено и програма за работа со наставник приправник и водеше дневник за менторство. Најголем дел од наставниците (86.54%) сметаат дека во училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во наставата. Стручните соработници за наставниот кадар уредно водат педагошки картон за професионален развој, односно професионални

досиеја во кои се евидентираат сите признанија сертификати, дипломи и сл. Овие професионални досиеја редовно се ажурираат. Училиштето ги следи законските рамки за реализација на приправничкиот стаж а во училиштето има и наставник ментор кој им ја дава неопходната поддршка на наставниците почетници за што има изготвено програма за менторство и редовно води дневник за менторство. При вработување и распределба на кадарот се земаат предвид соодветната квалификација, искуството и експертизата на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата. Наставникот ментор им ја дава неопходната поддршка во работењето и следењето на сите образовни трендови на наставниците во училиштето.

Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие, со што се согласуваат и 96.15% од наставниците. Според 92,31% од наставниот кадар за овие часови добива и конструктивна повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за успешно следење на наставниот час.

Училиштето има процедури за креирање на училишните политики во кои се вклучени наставниците, родителите и учениците како и секторот за образование од основачот - Општината. Учениците и родителите се запознаени со целите, начелата и вредностите на училиштето, исто така и со начинот на нивното остварување и подобрување. Информирањето на сите заинтересирани субјекти се врши со доставување на писмени документи до субјектите, со писмени документи поставени на огласна табла но и усно на индивидуални или групни состаноци и средби. Вработените во училиштето како носители на поголемиот број активности во соработка со учениците, пред се учениците - членови на ученичката заедница како носители на активности на ученичката заедница и родителите се залагаат за остварување на примарните цели на училишната политика но и за континуирано унапредување на истата. Училиштето ги подржува иницијативите произлезени од ученичката заедница и родителите. Примарните цели како пренесување знаења, воспитување, развивање животни навики на учениците се остваруваат преку континуирано следење и вреднување на работата на учениците во рамки на редовната настава, воннаставните активности и натпреварите, континуирано следење на редовноста на наставата, и функционирањето на триаголникот ученик-наставник-родител. Во креирањето на политиката вклучена е и безбедноста и грижата за здравјето на учениците. Училиштето има Куќен ред, Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор. Во насока на безбедноста училиштето има изработено и Протокол за потапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Унапредување на училишната политика се врши преку континуираната работа на училиштето за унапредување на инклузијата на децата со попреченост во училиштето со вклучување на инклузивниот тим во проекти во соработка со образовниот сектор од општината и претставници на стручните тела за функционална проценка, преку едуцирање и учество на наставниот кадар на вебинари, обуки, со цел да се постигне вреднување на различностите, промовирање еднаквост и недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик.

| |
| --- |
| Во училиштето наставниот кадар соработува во училишни тимови кои делуваат сооглсно годишната програма и истиот во рамки на Наставничкиот совет како највисок стручен орган со кој раководи директорот на училиштето, се грижи за воспитно-образовниот процес.<br><br>Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставникот ментор, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање (според 98.08% од анкетираните наставници, 95,80% од анкетирааните родители, како и 85,13% од анкетираните ученици). Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели, како и план за следење и евалуација на развојната програма, кој во најголем дел ја почитува динамиката за следење и реализација. Ситуацијата со Ковид-19 доведе до одредени отстапки во динамиката на реализација на акциските планови.<br><br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Финансовиот план за 2023 година е разгледан и усвоен од страна на Училишниот одбор на 10.02.2023 а финансовиот план за 2024 на ден 24.01.2024. Финансискиот извештај за 2023 е разгледан и усвоен од страна на Училишниот одбор на 23.02.2024, додека финансискиот извештај за 2024 е усвоен и разгледан на 22.02.2024. Финансовиот извештај за Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. |
| Силни страни<br><br>- Раководниот орган на училиштето има воспоставено партнерски однос со членовите на Училишниот одбор;<br>- Вработените, Училишниот одбор и родителите покажуваат посветеност на придонесот во работата на училиштето;<br>- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето<br>- Поддршката и помошта на учениците што училиштето ја дава и обезбедува е битен услов за севкупниот негов напредок;<br>- Почитување и спроведување на законската регулатива<br>- Училиштето има донесено повеќе интерни правилници со кои се регулира однесувањето на учениците, нивното наградување и изрекување педагошки мерки, упис на учениците, менторска работа со приправници и сл;<br>- Постапката за креирање на училишната политика е преку давање предлози и учество на наставниците, родителите и учениците во различни тимови;<br>- Училишниот простор ги исполнува условите за реализација на наставата согласно Нормативот за реализација на настава |

| |
|---|
| - Во училиштето се реализираат голем број на активности за подобрување на училишната инфраструктура и создавање ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на наставата и за организирање вонннаставни активности.<br>- Во училиштето максимално се користат расположливите капацитети за реализација на наставата и воннаставните активности<br>- Училиштето располага со најразлични наставни средства и материјали кои секојдневно се користат во наставниот процес со цел успешна и квалитетна реализација на наставата, и истите континуирано се усовршуваат.<br>- Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот научилиштето.<br>- Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно со нормативите.<br>- Во училиштето има наставник-ментор кој им ја пружа неопходната поддршка на наставниците за имплементација на иновативни приоди во наставата и следење на промените во воспитно образовниот систем.<br>- Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.<br>- Наставниот кадар се распоредува според стручност, и постојат механизми за брза и соодветна замена при отсуство на наставен кадар.<br>- Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој, согласно основните професионални компетенции, успешно идентификувајќи ги подрачјата за сопствен професионален развој.<br>- Се изработува план за професионален развој на ниво на училиште согласно личните планови за професионален развој, резултатите од самоевалуацијата и програмата за развој ан училиштето.<br>- Училиштето има добра практика за дисеминирање на искуствата здобиени од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот.<br>- Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми.<br>- Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>- Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. |
| Слаби страни<br>- Училишната библиотека не поседува современи образовни ресурси.<br>- Училиштето е дотраен објект од времен карактер кој не нуди просторни услови за спроведување на повеќе воннаставни активности согласно новата Концепција за основно образование |
| Приоритети |

- Осовременување на ресурсите во училишната библиотека и нејзино претворање во медијатека, со цел нејзино усовршување во согласност со равзојот на технологијата.
- Подобрување на просторните услови преку изградба на нова училишна зграда која ќе овозможи целосно имплементирање на современ воспитно образовен процес.

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

**Анкета со наставници**

| | | *Целосно се согласувам* | *се согласувам* | *не ссе согласувам* | *целосно не се согласувам* | *не знам/ немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. | 73,08% | 23,08% | 1,92% | 0,00% | 1,92% |
| 1.2 | Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието. | 86,54% | 13,46% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 1.3 | Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети | 65,38% | 19,23% | 9,62% | 0,00% | 1,92% |
| 1.4 | Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието | 80,77% | 17,31% | 1,92% | 3,85% | 0,00% |
| 1.5 | Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците | 78,85% | 21,15% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 1.6 | Во наставата користам различни ресурси за учење и настава | 86,54% | 13,46% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 1.7 | Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми | 76,92% | 23,08% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.8 | На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив | 82,69% | 15,38% | 1,92% | 0,00% | 0,00% |
| 1.9 | Ги разбирам проблемите и потребите на учениците | 88,46% | 11,54% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 1.10 | Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор | 76,92% | 21,15% | 1,92% | 0,00% | 0,00% |
| 1.11 | Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план | 65,38% | 30,77% | 3,85% | 0,00% | 0,00% |
| 1.12 | Успешно соработувам со училишниот тим за инклузија | 69,23% | 26,92% | 1,92% | 0,00% | 1,92% |
| 1.13 | Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати | 90,38% | 9,62% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 1.14 | Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд | 94,23% | 3,85% | 0,00% | 0,00% | 1,92% |
| 1.15 | На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања | 88,46% | 9,62% | 0,00% | 0,00% | 1,92% |
| 1.16 | Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките | 86,54% | 13,46% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 1.17 | На учениците им давам насоки како поуспешно да учат | 92,31% | 7,69% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 1.18 | Применувам различни начини на оценување на учениците | 86,54% | 9,62% | 0,00% | 0,00% | 1,92% |
| 1.19 | Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.). | 82,69% | 17,31% | 0,00% | 1,92% | 0,00% |
| 1.20 | Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците. | 61,54% | 28,85% | 5,77% | 0,00% | 3,85% |
| 1.21 | Воспоставувам соработка со родителите за подобар успех на учениците. | 84,62% | 15,38% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето | 84,62% | 15,38% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 2.2 | Успевам да ги идентификувам надарените ученици | 84,62% | 15,38% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 2.3 | Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети | 69,23% | 30,77% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 2.4 | На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето | 84,62% | 15,38% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 2.5 | Пофалувањето на учениците и начинот на предавање ги поттикнува учениците за подобрување на успехот | 76,92% | 23,08% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 2.6 | Сметам дека учениците преку редовноста и активноста на часовите го подобруваат својот успех | 75,00% | 25,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 2.7 | Поставувам јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината | 76,92% | 21,15% | 1,92% | 0,00% | 0,00% |
| 2.8 | Водам редовна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците | 86,54% | 13,46% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 2.9 | Редовно ги информирам учениците и родителите за нивните постигања | 88,46% | 11,54% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 2.10 | Редовно изготвувам инструменти за следење на напредокот | 75,00% | 25,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 3.1 | Соработувам и комуницирам со колегите, родителите и учениците во реализација на целокупниот воспитно образовен процес. | 84,62% | 13,46% | 1,92% | 0,00% | 0,00% |
| 3.2. | Го почитувам Кодексот на однесување. | 90,38% | 9,62% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 3.3 | Наставниците од колективот комуницираат, соработуваат и се почитуваат меѓу себе. | 50,00% | 42,31% | 5,77% | 0,00% | 1,92% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.4 | Ги познавам и промовирам Правата на децата. | 84,62% | 13,46% | 1,92% | 0,00% | 0,00% |
| 3.5 | Учествувам во воспитување на учениците за почитување на различностите меѓу нив. Ученици со потешкотии, посебност, верска и етничка припадност, социјални разлики, полови разлики, надарени ученици. | 86,54% | 13,46% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 3.6 | Редовно и навремено ги известувам учениците и родителите за состојбите, новитетите и климата во училиштето. | 82,69% | 15,38% | 1,92% | 0,00% | 0,00% |
| 3.7 | Планирам и организирам активности за разрешување конфликти меѓу учениците. (Работилници, дебати, учество во меѓународни проекти, панел дискусии, советувања...) | 67,31% | 25,00% | 5,77% | 0,00% | 1,92% |
| 3.8 | Планирам активности кои ги поттикнуваат родителите и локалната заедница да учествуваат во училишниот живот. Во согласност со политиките на менаџментот на училиштето. | 69,23% | 25,00% | 5,77% | 0,00% | 0,00% |
| 3.9 | Со моите ученици спроведувам активности за превенција од насилство и ненасилно решавање на конфликти. | 78,85% | 17,31% | 3,85% | 0,00% | 0,00% |
| 3.10 | Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство. | 73,08% | 13,46% | 9,62% | 0,00% | 1,92% |
| 3.11 | Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивен интерес. | 78,85% | 19,23% | 0,00% | 1,92% | 1,92% |
| 3.12 | Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман. | 84,62% | 15,38% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 3.13 | Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога. | 61,54% | 21,15% | 13,46% | 0,00% | 3,85% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.14 | Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите. | 80,77% | 11,54% | 5,77% | 0,00% | 1,92% |
| 3.15 | Спроведувам содржини за здрава исхрана. | 78,85% | 17,31% | 3,85% | 0,00% | 0,00% |
| 3.16 | Водам евиденција и документација за индивидуалниот напредок на учениците. | 84,62% | 15,38% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 4.1 | Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање | 69,23% | 28,85% | 1,92% | 0,00% | 0,00% |
| 4.2 | Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки | 63,46% | 28,85% | 5,77% | 0,00% | 0,00% |
| 4.3 | Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности | 61,54% | 28,85% | 7,69% | 1,92% | 0,00% |
| 4.4 | Се чувствувам квалификуван и оспособен да ги преземам одговорностите во наставата и вонннаставните активности | 82,69% | 17,31% | 0,00% | 1,92% | 0,00% |
| 4.5 | Успешно ги идентификувам подрачјата за сопствен професионален развој | 76,92% | 21,15% | 0,00% | 0,00% | 1,92% |
| 4.6 | Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам | 63,46% | 28,85% | 5,77% | 0,00% | 0,00% |
| 4.7 | Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. | 57,69% | 40,38% | 1,92% | 1,92% | 0,00% |
| 4.8 | Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби | 71,15% | 28,85% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 4.9 | Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие | 80,77% | 15,38% | 3,85% | 0,00% | 0,00% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.10 | За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација | 63,46% | 28,85% | 1,92% | 0,00% | 1,92% |
| 4.11 | Училиштето  поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците | 53,85% | 32,69% | 5,77% | 3,85% | 3,85% |
| 4.12 | Постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на наставата и за организирање вонваставни активности | 44,23% | 40,38% | 7,69% | #REF! | 3,85% |
| 4.13 | Континуирано се утврдува потребата за наставни средства и помагала и истите се набавуваат согласно потребите | 59,62% | 28,85% | 7,69% | 3,85% | 1,92% |
| 4.14 | Училиштето располага со наставните средства и материјали кои ми се потребни за реализација на наставата и истите секогаш ми се достапни | 50,00% | 46,15% | 1,92% | 1,92% | 1,92% |
| 4.15 | Училиштето и раководниот орган даваат информации и поддршка при избор на понатамошното образование наа учениците | 73,08% | 21,15% | 1,92% | 0,00% | 3,85% |

**Анкета ученици**

| | | *Целосно се согласувам* | *се согласувам* | *не ссе согласувам* | *целосно не се согласувам* | *не знам/ немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување, практична работа и сл.) | 69,42% | 26,45% | 3,31% | 0,00% | 0,83% |
| 1.2 | Правам избор на слободни изборни предмети и активности во кои учествувам, кои се предложени и одобрени од БРО. Слободните изборни предмети и слободните изборни активности во кои учествувам ги избрав самостојно. | 66,94% | 17,36% | 13,22% | 0,00% | 0,00% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.3 | На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. едукативни видеа, стручна литература, енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 77,69% | 18,18% | 3,31% | 2,48% | 0,83% |
| 1.4 | Содржината од наставните предмети станува поинтересна со нашите наставници. | 76,03% | 16,53% | 6,61% | 0,00% | 0,00% |
| 1.5 | На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи, изведуваме експерименти, реализираме проектни задачи). | 70,25% | 19,01% | 4,96% | 0,83% | 1,65% |
| 1.6 | Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари. | 79,34% | 14,05% | 4,96% | 4,13% | 0,83% |
| 1.7 | Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти и воннаставни активности | 77,69% | 21,49% | 0,83% | 0,83% | 0,00% |
| 1.8 | Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена. | 82,64% | 15,70% | 1,65% | 0,00% | 0,00% |
| 1.9 | Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена. | 83,47% | 12,40% | 2,48% | 0,00% | 0,00% |
| 1.10 | Оценувањето на сите ученици е праведно. | 73,55% | 15,70% | 7,44% | 1,65% | 0,00% |
| 1.11 | Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување. | 79,34% | 16,53% | 3,31% | 3,31% | 0,00% |
| 1.12 | Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови, практична работа и сл.). | 88,43% | 10,74% | 0,83% | 0,83% | 0,00% |
| 1.13 | Пофален сум за мојот труд и моите достигнувања се јавно истакнати (веб страна, социјални мрежи, огласна табла) | 79,34% | 12,40% | 0,83% | 0,00% | 4,96% |
| 1.14 | Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците | 86,78% | 10,74% | 2,48% | 2,48% | 0,00% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.15 | Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции) | 80,17% | 15,70% | 3,31% | 0,00% | 0,83% |
| 1.16 | Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор. | 76,86% | 18,18% | 3,31% | 0,00% | 0,00% |
| 1.17 | На почетокот на секоја учебна година сум запознаен со критериумите за оценување по секој предмет. | 80,17% | 14,88% | 2,48% | 1,65% | 1,65% |
| 2.1 | Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. | 82,64% | 13,22% | 1,65% | 0,83% | 1,65% |
| 2.2 | Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех. | 80,99% | 14,05% | 4,96% | 0,83% | 0,00% |
| 2.3 | Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава | 78,51% | 16,53% | 4,13% | 0,00% | 0,00% |
| 2.4 | Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини | 82,64% | 12,40% | 4,13% | 0,83% | 0,00% |
| 2.5 | Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови. | 69,42% | 22,31% | 7,44% | 0,83% | 0,83% |
| 2.6 | Задоволен сум од сопствените постигнувања и оцените | 81,82% | 15,70% | 2,48% | 0,00% | 0,00% |
| 2.7 | Пофалувањето и начинот на предавање на наставниците ма поттикнува за подобрување на успехот | 78,51% | 15,70% | 2,48% | 0,00% | 1,65% |
| 2.8 | Имам високи очекувања од самиот себе и желба за високи постигања | 84,30% | 11,57% | 2,48% | 1,65% | 0,00% |
| 2.9 | Преку редовност и активност на часовите по различни предмети го подобрувам својот успех | 85,95% | 8,26% | 3,31% | 1,65% | 1,65% |
| 2.10 | Наставниците ме поттикнуваат да се вклучам во процесот на оценување | 72,73% | 18,18% | 9,09% | 0,83% | 0,00% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.11 | Наставниците редовно ме информираат за моите постигнувања | 76,03% | 17,36% | 6,61% | 0,00% | 0,00% |
| 3.1 | Соработувам и комуницирам со учениците, наставниците и родителите во реализација на целокупниот воспитно образовен процес. | 74,38% | 15,70% | 9,92% | 0,00% | 0,00% |
| 3.2 | Го почитувам Кодексот на однесување. | 87,60% | 11,57% | 0,83% | 0,00% | 0,00% |
| 3.3 | Учениците од моето училиште комуницираат, соработуваат и се почитуваат меѓу себе. | 61,16% | 27,27% | 11,57% | 0,00% | 0,00% |
| 3.4 | Ги познавам Правата на децата, ги почитувам и ги препознавам и уважувам одговорностите што произлегуваат од секое право. | 82,64% | 17,36% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 3.5 | Ги почитувам различностите меѓу учениците. Ученици со потешкотии, посебност, верска и етничка припадност, социјално потекло, полови разлики, надарени ученици. | 94,21% | 5,79% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 3.6 | Учествувам во планирање, организирање и реализирање на активности за разрешување конфликти меѓу учениците. (Работилници, дебати, искуства од меѓународни проекти, работата на ученичката заедница и училишниот Правобранител). | 67,77% | 26,45% | 5,79% | 0,00% | 0,00% |
| 3.7 | Навремено и редовно сме известувани за работата на училиштето, новитетите, училишната клима и други активности. | 77,69% | 17,36% | 3,31% | 0,00% | 0,83% |
| 3.8 | Учествувам во планирање и реализирање на активности поврзани со локалната заедница и училишниот живот. | 78,51% | 18,18% | 2,48% | 0,83% | 0,83% |
| 3.9 | Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот и психологот во училиштето. | 67,77% | 19,83% | 9,92% | 0,00% | 0,83% |
| 3.10 | Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем. | 75,21% | 18,18% | 3,31% | 1,65% | 1,65% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.11 | Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето. | 79,34% | 19,01% | 0,83% | 1,65% | 0,83% |
| 3.12 | Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување на насилство. | 84,30% | 14,05% | 0,00% | 0,00% | 0,83% |
| 3.13 | Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. | 71,07% | 10,74% | 5,79% | 0,83% | 8,26% |
| 4.1 | Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период. | 63,64% | 21,49% | 9,09% | 4,13% | 3,31% |
| 4.2 | Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека во секое време. | 79,34% | 14,88% | 5,79% | 2,48% | 0,00% |
| 4.3 | Библиотеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера. | 58,20% | 14,75% | 14,75% | 0,00% | 5,74% |
| 4.4. | Иницијативите на учениците се поддржани од училиштето | 68,60% | 19,01% | 7,44% | 6,61% | 3,31% |

**Анкета родители**

| | | *Целосно се согласувам* | *се согласувам* | *не ссе согласувам* | *целосно не се согласувам* | *не знам/ немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот | 88,81% | 9,79% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 1.2 | Запознаен/а сум со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности | 93,01% | 6,99% | 0,00% | 1,40% | 0,00% |
| 1.3 | Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно одобрените од БРО | 86,01% | 9,09% | 2,10% | 0,00% | 2,80% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4 | Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете | 77,62% | 15,38% | 4,90% | 0,00% | 2,10% |
| 1.5 | Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици | 65,03% | 9,09% | 7,69% | 0,00% | 11,19% |
| 1.6 | На моето дете повеќето од часовите му се интересни | 69,23% | 23,78% | 5,59% | 6,99% | 1,40% |
| 1.7 | Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите | 83,22% | 13,99% | 2,80% | 0,00% | 0,00% |
| 1.8 | Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете | 78,32% | 17,48% | 4,20% | 0,00% | 0,00% |
| 1.9 | Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 66,43% | 22,38% | 6,99% | 0,00% | 4,20% |
| 1.10 | Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд | 80,42% | 19,58% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 1.11 | Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи | 81,82% | 16,08% | 1,40% | 0,00% | 0,70% |
| 1.12 | Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) | 89,51% | 8,39% | 2,10% | 0,00% | 0,00% |
| 1.13 | Наставниците одржуваат индивидуални средби со родители најмалку два пати месечно | 78,32% | 13,29% | 5,59% | 0,00% | 2,10% |
| 1.14 | Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете | 82,52% | 15,38% | 2,10% | 0,70% | 0,00% |
| 1.15 | Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет | 74,13% | 18,18% | 4,90% | 0,00% | 2,10% |
| 1.16 | Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.) | 69,23% | 20,28% | 4,90% | 0,70% | 4,20% |
| 1.17 | Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес | 74,13% | 18,18% | 5,59% | 1,40% | 0,70% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.18 | Наа моето дете во училиштето му е овозможена додатна и/ или дополнителна настава, доколку има потреба од тоа. | 80,42% | 13,29% | 2,10% | 1,40% | 4,20% |
| 2.1 | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете | 72,73% | 23,08% | 3,50% | 0,00% | 0,70% |
| 2.2 | Од училиштето добивам добри  совети за подобрување на однесувањето на моето дете | 73,43% | 21,68% | 2,80% | 0,00% | 1,40% |
| 2.3 | Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете | 91,61% | 7,69% | 0,70% | 0,70% | 0,00% |
| 2.4 | Наставниците реално го оценуваат моето дете | 79,02% | 18,88% | 2,10% | 0,00% | 0,00% |
| 2.5 | Од наставниците редовно добивам детална повратна информација за успехот на моето дете со насоки за понатамошно учење | 76,92% | 16,78% | 6,29% | 0,00% | 0,00% |
| 2.6 | Редовно остварувам средби со наставниците во училиштето на кои дискутирам за постигањата на моето дете | 72,73% | 18,18% | 8,39% | 0,00% | 0,70% |
| 3.1 | Соработувам и комуницирам со родители, ученици, наставници  во реализација на целокупниот воспитно образовен процес. | 76,92% | 18,18% | 3,50% | 0,00% | 0,00% |
| 3.2 | Го почитувам Кодексот на однесување | 92,31% | 6,99% | 0,00% | 1,40% | 0,70% |
| 3.3 | Учествувам во активности за разрешување на конфликти (работилници, дебати, панел дискусии, индивидуални и одделенски средби). | 69,23% | 19,58% | 5,59% | 0,00% | 2,80% |
| 3.4 | Учествувам во воспитување на моите деца за почитување на различностите меѓу децата: ученици со потешкотии, посебност, различна верска и етничка припадност | 85,31% | 12,59% | 2,10% | 2,80% | 0,00% |
| 3.5 | Редовно и навремено сме информирани за состојбите, новитетите и климата во училиштето | 77,62% | 19,58% | 2,80% | 0,00% | 0,00% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.6 | Училиштето планиреа активности за да ги поттикне родителите и локалната заедница да се вклучат во училишниот живот | 62,94% | 21,68% | 6,99% | 0,00% | 6,99% |
| 3.7 | Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците и соучениците | 81,82% | 14,69% | 1,40% | 1,40% | 2,10% |
| 3.8 | Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците | 73,43% | 17,48% | 3,50% | 0,00% | 4,90% |
| 3.9 | Запознаен/на сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство | 70,63% | 19,58% | 3,50% | 0,70% | 6,29% |
| 3.10 | Училиштето добро се справува при појава на насилство | 66,43% | 23,08% | 4,90% | 0,00% | 4,90% |
| 3.11 | Во училиштето се превземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога | 62,94% | 23,78% | 2,10% | 0,70% | 10,49% |
| 3.12 | Се води грижа за учениците во делот на здравата исхраната преку работилници и предавања | 67,13% | 20,28% | 5,59% | 0,70% | 4,90% |
| 3.13 | Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете. | 71,33% | 26,57% | 1,40% | 2,10% | 0,00% |
| 3.14 | Училиштето се грижи за емоционалнаста состојба на моето дете. | 70,63% | 23,08% | 2,80% | 0,70% | 2,10% |
| 3.15 | Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците. | 70,63% | 20,28% | 1,40% | 1,40% | 6,99% |
| 3.16 | Училиштето соработува со локалната здравствена установа во однос на организирањето на систематските прегледи и вакцинацијата на учениците | 89,51% | 9,79% | 0,00% | 0,70% | 0,70% |
| 4.1 | Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето | 63,64% | 22,38% | 7,69% | 0,00% | 4,20% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2 | Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период | 75,52% | 20,28% | 2,80% | 2,10% | 0,70% |
| 4.3 | Советот на родители е запознаен со одлуките на Училишниот Одбор | 75,52% | 19,58% | 1,40% | 0,70% | 3,50% |
| 4.4 | Училишната библиотека е достапна за сите ученици | 79,72% | 13,99% | 2,10% | 0,00% | 3,50% |
| 4.5 | Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен | 74,13% | 23,08% | 1,40% | 0,70% | 0,70% |
| 4.6 | Можам слободно да барам совет и поддршка од училиштето и стручната служба во однос на учениците | 76,22% | 18,88% | 1,40% | 0,70% | 2,80% |
| 4.7 | Раководниот орган ги разгледува барањата од Советот на родители | 66,43% | 22,38% | 2,10% | 0,70% | 7,69% |

# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на **ООУ Крсте Мисирков** период **2022-2024** година

Врз основа на Законот за основното образование „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) општинското основно училиште „Крсте Мисирков“, Скопје изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022 до 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 22.06.2022 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Од редот на наставници:

- Маја Виденовиќ
- Наташа Недановска
- Лидија Димитриевска

Од редот на родителите: Елени Јанакиевска

Педагог: Рената Стаменковска Младеновска

Психолог: Сања Станковска

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2022 – 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Анета Чаковска<br>Рената Стаменковска Младеновска<br>Борка Цифревска<br>Оливера Костадиноска<br>Виолета Миноска<br>Анкица Младеновска<br>Наташа Новеска<br>Ивана Милковска<br>Славица Зафировска<br>Никола Наневски |

| | |
|---|---|
| | Валентина Мишевска<br>Веска Цветковска<br>Сузана Тошевска<br>Ана Николова<br>Јелена Димовска |
| 2. Постигање на учениците | Мимоза Црвенова<br>Благица Атанасова<br>Маја Атанасова<br>Росица Тодоровска<br>Благица Ристивојевиќ<br>Марија Каранџуловска<br>Маргица Стефановска<br>Билјана Велјановска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Сања Станковска<br>Наташа Недановска<br>Мирјана Малјановска<br>Јасминка Милошевска<br>Снежана Танеска<br>Александар Цветковски<br>Сашка Крстески<br>Фросина Цветковска<br>Јасминка Пешевска<br>Даниела Здравева Стевковска<br>Ѓорѓи Цеков<br>Елена Новакова |
| 4. Управување и раководење | Маја Виденовиќ<br>Лидија Димитриевска<br>Лидија Петрушевска<br>Фросина Алексовска<br>Добринка Богдановска<br>Лилјана Димитриевска<br>Марија Бошковска |

| | |
|---|---|
| | Бобан Величковски<br>Анета Топалова<br>Дејан Ангеловски<br>Весна Димитриевска<br>Анета Придаенкоска<br>Славица Илиевска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 18.06.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.
Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/ резиме на подраачјето**<br>Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Исто така училиштето со соработка со МОН и БРО задолжително според потребите и интересите на наставниот кадар обезбедува минумум две задолжителни обуки. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Во нашето училиште покрај задолжителните обуки најголем број на наставници посетуваат и самоиницијативно обуки, работилници и вебинари и потоа се разменуваат искуства и добри практики во нивните стручни активи. |

Во нашето училиште формирани се повеќе активи; актив на одделенски наставници, актив на природно –математичката група, актив на јазичарите,актив на општествено – хуманитарни наука. Наставниците од активите имаат изработено годишно планирање според кое се работи во стручните активи. На состаноците се разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, се вршат десиминации од посетени семинари, работилници, се реализираат отворени часови со добри практики, се користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства , од регионална и меѓународна соработка со други училишта според извештаите од стручните соработници за следење на планирања.

Наставниците во нашето  училиштето изготвуваат и работат според наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Континуирано се следат иновациите во наставата и се имплементираат во наставните програми. Во документите за наставни програми постојат упатства и прирачници за реализација на наставната програма за одредени предмети. Во учебната 2022-23 година наставниците од II и V одделение реализираат настава според новата концепција за основно образование  со нов наставен план и нови наставни програми по предметите кои се изучуваат во II и V одделение донесени од БРО и МОН за кои наставниците посетуваа обуки.Наставата по физичко и здравствено образование во I, II,III и IV одделение ја реализира предметен наставник во тандем со одделенскиот раководител. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се релизира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternational Examination Centre), кои се адаптирани од страна на БРО и утврдени од МОН. Во учената 2023 – 2024 год.наставниците кои предаваат во VI одд. наставата ја планираат и реализираат според Новата концепција донесена од МОН и БРО.

Согласно Законот за основно образование чл. 40, училиштето организира и реализира проширена програма. Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава,

Согласно потребите на родителите, во нашето училиште организиран е продолжен престој за учениците од 1 до 3 одд. со претходно барање од страна на родителите и добиена согласност од страна на Министерството или основачот, и за истата е изработена програма за работа.

Во нашето училиште изборната настава на учениците им  дава можност да ги прошират и продлабочат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности . Овој вид на настава е задолжителен, а учениците го следат согласно наставниот план и според тоа како ќе се изјаснат во претходно спроведена анкета. Од минатата учебна година со новата Концепција за основно образование има поинаква организација во изборните предмети во однос на досегашната пракса за IV, V и VI одделение согласно Водичот за слободни изборни предмети, каде еден изборен предмет се следи во првото полугодие а во второто друг изборен предмет. Листата на слободни изборни предмети од третиот изборен период ( решение 03- 125/1 ) се

јавно објавени на училишната веб страна, како и слободните изборни предмети од вториот изборен период ( решение 03-125/2).

Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. Во нашето училиште вкупно се 9 ученици со посебни потреби. Од нив, 5 имаат проценка од МКФ, за 3-ца се изработува ИОП, а останатите се со општо ниво на поддршка. Исто така, имаме двајца образовни асистенти, а според проценките од МКФ очекуваме за уште двајца ученици. ИОП се изготвува од страна на инклузивен тим за ученик (ИТУ), за секој ученик се изготвува долгорочен,среднорочен и краткорочен ИОП- во кој се опишуваат прилагодувањата на материјалите, активностите и постапките за поучување и поддршка согласно специфичните потреби на ученикот.Во нашето училиште нема ученици кои работат по модифицирана програма. Учениците според програмите и целите прилагодени за нив успешно се вклучени во воспитно образовниот процес и активно учествуваат во вонnаставните активности

Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците.

Сите овие форми се користат преку разни начини на соработка меѓу наставниците и учениците за да се постигне повисок степен на занаења и да се стимулираат индивидуалните способности на секој ученик. Со цел да поттикнат пријатна и стимулативна работна клима во училницата, наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред целата паралелка, а исто така позитивно се произнесуваат за активните и дисциплинираните ученици на Наставнички совет, на Одделнски совет, како и електронски на фејсбук страната и веб страната на училиштето

ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам. На часовите на одделенска заедница секој одделенски раководител има планирани и реализирани интегрирани активности од МИО. На овие часови наставниците низ работилници, разговори и проектни активности ги запознаваат учениците за родова, етничка,

културна, верска и јазична разновидност во училиштето и во заедницата. Со тоа се дава значење и позитивно вреднување на истите.

Најголемиот број учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна ,стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што придонесува и ги поттикнува учениците за учење. Во нашето училиште сите училници се технички опремени , односно во секоја училница има Смарт табла која ни ја олеснува работата и учењето на наставниците и учениците, ни овозможуваат дигитален пристап кон учебниците и многу други поволности кои ни ги нуди самата табла. Учениците се задоволни од изгледот на училниците и другите простории во училиштето и сметаат дека тие се во уредна состојба.Учениците и самите учествуваат во нивното уредување и на тој начин даваат личен белег на истите, па така, училниците стимулирачки и мотивирачки делуваат на нив и поттикнуваат интерес и желба за учење. Трудовите на учениците редовно се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата, на паноа во холот), почитувајќи естетски норми. Изработките редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд, како и можност сите да ја видат неговата изработка.. Со трудовите на учениците се разубавуваат училниците и холот на училиштето, се мотивираат учениците и развива нивната креативност и натпреварувачки дух. Трудовите и изработките на учениците редовно се изложуваат на фејсбук страницата и веб страната на училиштето.

Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. При уписот во прво одделение училишниот педагог и одделенските наставници од прво одд. преку игра и прашања ги следат учениците и уште на самиот почеток го определуват нивниот квантум на знаења и даваат мислење за нивните образовни потреби. Доколку воочат одредени потешкотии во развојот ги анализираат, разговараат со родителот и прават напори да им помогнат истите да ги надмнат.Ако има потреба се бара мислење и од стручно лице. Во натамошниот период на школувањето, образовните потреби на учениците и нивниот напредок, се следат од одделенските, а потоа и од предметните наставници , а по потреба и од стручните соработници на училиштето. За таа цел се применуваат тестови, наставни листови, контролни задачи, листи за аналитичко и описно оценување. Зависно од различните потреби на учениците, наставниците настојуваат да им овозможат секој да учи според стилот на учење кој најмногу му одговара, со цел да се извлече максимумот од она што може да го постигне. Најнапред се запознава учениковата личност, неговите можности, потреби, желби и афинитети. Наставниците користат различни интерактивни техники, обезбедуваат или даваат насоки за потребните материјали за работа и напатствија за нивно користење, обезбедуваат задачи според способностите на учениците, ја следи работата, врши проверка н сработеното и усвоеното. Исто така, постои и систематска комуникација со колегите, со класниот раководител т.е. одделенскиот наставник.

При оценувањето ги поттикнуваат и охрабруваат за понатамошно ангажирање без да се потценуваат дека неможат да постигнат како другите.  За задоволување на овие потреби на учениците нашето училиште перманентно организира дополнителна и додатна настава, како и слободни активности во кои учениците учествуваат според своите способности, желби и афинитети. Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со наставникот ментор, соработка во стручните актвив и стручната служба.Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Училиштето има изработено и интерен правилник за оценување кој е истакнат на училишната веб.страна.

Ученичката заедница и Ученичкиот парламент активно работат и се ангажираат со различни активности со што дополнително позитивно влијаат за задоволување на потребите на учениците. Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во нашето училиште учениците се организираат во: заедница на паралелка и  ученички парламент

Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Вонннаставните активности се ориентирани на учениците и прилагодени кон индивидуалните потреби и со разликите меѓу секој од учениците, со цел секој ученик да има можност да ги пронајде и развива своите способности, потенцијали и знаења. Во текот на учебната година за учениците од I до IX се организирани излети и наставно - научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно - научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно - научна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна наставно - научна екскурзија со учениците од IX одделение. Во нашето училиште се реализира и летен камп во соработка со општина Гази Баба и училиштата Слободните ученички активности (секциите) се дел од воспитно-образовниот процес. Ученикот по свој личен избор може да се одлучи да членува најмногу во две секции/ клубови или во ниедна. Во нашето училиште се организираат бројни акции и тоа согласно со предвидениот план, како и акции иницирани во текот на учебната година.

Проектни активности кои се реализираат во нашето училиште Проектот „Стратегија за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на општина Гази Баба“ се реализира по насока на МЦГО и преставници од Секторите на Министерството за образование и наука и Одделението за јавни дејности при Општина Гази Баба, а се финансира со поддршка на

општина Гази Баба и град Скопје. Про „Градиме нови мостови“ ООУ „Крсте Мисирков“, ООУ „25 Мај“ и ООУ „ Кирил и Методиј“ поддржан од МОН и мисијата на ОБСЕ - Училишна градина - училница на иднината - Меѓународен проект Другачи -е Twinning : Know my city, Be my fends in the END,MY IT frend,Mini writers club, Our waules, our teasure Користење игри за Сајбер безбедност - во рамките на Erasmus+: проект APPic Learning и Say No violence and discrimination by the games. Во училиштето се реализира и проектот за Антикорупција како вонnаставна активност Во текот на учебната година за учениците од I до IX се организирани излети и наставно - научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно - научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно - научна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна наставно - научна екскурзија со учениците од IX одделение. Во вонашето училиште се реализира и летен камп во соработка со општина Гази Баба и училиштата Слободните ученички активности (секциите) се дел од воспитно-образовниот процес. Секој ученик пополнува анкетен лист,на кој се дадени сите секции, клубови кои ги организира училиштето. Ученикот по свој личен избор може да се одлучи да членува најмногу во две секции/ клубови или во ниедна. Во нашето училиште се организираат бројни акции и тоа согласно со предвидениот план, како и акции иницирани во текот на учебната година.

Училиштето организира училишни натпревари според утврден правилник за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации каде што постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на ниво на општина, град и држава и имаат освоено пофалници, дипломи и признанија.

**Силни страни**

- Целосна и доследна примена на наставните планови и програми одобрени од Министерството за образование и наука (МОН);
- Добивање на навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.
- Постоење на стручни активи и тоа актив на одделенски наставници, актив на природно – математичката група, актив на јазичарите, актив на општествено – хуманитарни наука кои работат според изготвена годишна програма.
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.
- Родителите и учениците навремено се информирани за наставните планови и програми што се реализираат;
- Траспарентно јавно објавување на училишната веб страна на слободни изборни предмети

- Во соработка со училишниот дефектолог, одделенските наставници имаат изработено ИОП-и за учениците со ПОП Стручната служба ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата;
- Примена на разновидни наставни методи и форми на работа за успешна реализација на настаните содржини;
- Наставниот кадар користи разновидни техники и методи со кои ги препознава и води грижа за образовните потреби на секој ученик. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите;
- Учениците учествуваа на училишно, градски, општински и државни натпревари, каде освоија многубројни награди.
- Наставниците имаат позитивен и професионален однос кон учениците и родителите
- Наставниот кадар континуирано се усовршува и напредува во воспитно образовната работа (учество на семинар, обуки, проекти, симпозиуми и десиминација)
- Во училиштето има можности за истражувачки и вонннаставни активности
- Учениците се вклучени во Ученичка заедница и Ученички парламент застапувајќи ги детските права
- Училиштето им дава на учениците можност за избор на наставни предмети
- Има изработено програма за деца со посебни образовни потреби и Училишниот дефектолог редовно работи со учениците со
- посебни потреби и потешкотии преку индивидуални средби
- Училиштето има изработено правилник за избор на првенци и правилник за начинот и поблиските критериуми за организирање и реализирање на училишени натпревари во ООУ Крсте Мисирков
- Афирмирање на училиштето преку многубројните вонннаставни активности во локалната и пошироката средина
- Афирмирање на учениците преку вклучување во проекти: Erasmus +: App learning, Say No to volions by the games, Etwining проекти, Училишна градина – училница на иднината
- Учество на нашите ученици на училишни, општински, регионални, државни и Балкански натпревари на кои се забележани високи резултати, како и на голем број конкурси, манифестации

**Слаби страни**

- Недостаток од пишана процедура за вклучување на учениците во изборот и планирањето на вонннаставните активности.
- Помал број на ученици се вклучени во активности реализирана со ученици кои учат на различни јазици

| |
|---|
| - Недостаток од образовни асистенти - веќе има мал напредок -во училиштето имаме 2 образовни асистенти кои работат -со ученик од 1 одд и ученик од 3 одделение. |
| **Приоритети**<br>- Поголемо вклучување на учениците во планирањето и реализирањето на воннаставните активности<br>- Вклучување на поголем број на ученици во МИО активности |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
|---|
| **Опис/ резиме на подраачјето**<br><br>Во ООУ "Крсте Мисирков" постигнувањата на учениците се на завидно ниво. Од средниот успех во училиштето, според анкетите задоволни се најголем дел од учениците, наставниците и родителите, како три најважни субјекти во воспитно – образовниот процес. Сепак, сите го делат мислењето дека може да биде и подобро. За таа цел во училиштето редовно се организира дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии во учењето, се вршат редовни индивидуални контакти со нивните родители и се настојува да се постигне подобрување на нивните резултати. Од друга страна пак, за учениците кои во текот на редовната настава покажуваат интерес за проширување на своите знаења се организира и додатна настава. Преку слободните ученички активности им се овозможува на учениците без разлика на нивните постигнувања да постигнуваат резултати продлабочувајќи ги интересот и љубовта кон одредени наставни содржини.<br><br>Наставниците пак, од своја страна се трудат активно да ги следат сите промени кои настануваат во образованието, да применуваат современи форми и методи на работата во кои ученикот би бил во центарот на наставата, поттикнувајќи го на интеракција, креативност, учење по пат на разбирање, користење на современи наставни средства итн. Наставниците применуваат формативно оценување на постигнувањата на учениците, при што континуираното следење на нивниот напредок и навременосто давање на конструктивна повратна информација доведува до подобрување на нивниот напредок.<br><br>Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.<br><br>Има мали варијации во постигнувањата на учениците во однос на полот. Разлики во постигнувањата на учениците постојат помеѓу одделенска и предметна настава. Тоа е аспект на кој се работеше и во изминатите учебни години, има одредени подобрувања но тоа е долготраен процес каној треба да се работи континуирано. Имено, постои намалување на разликата помеѓу оценувањето кај одделни наставници и поголемо усогласување на критериумите за оценување како резултат на големиот број поминати обуки и одржани средби на ниво на активи. Постигнувањата на учениците на крајот на учебните години се незначително повисоки од тие на полугодие.<br><br>Од анкетата спроведена меѓу учениците, наставниците и родителите може да се заклучи дека поголем дел од нив се задоволни од постигнувањата на учениците, ги вклучуваат учениците на часовите, а и во процесот на оценување и редовно ги информираат за постигнувањата. Најголем |

дел од анкетираните се согласуваат дека не постојат разлики во оценувањето по пол а се користат и критериуми за оценување прилагодени според Стандардите изготвени од БРО. Училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите; имаат аспирации за повисоки постигнувања на ниво на училиште. Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање, а во училиштето постои и процедура со која се конкретизирани критериумите за вреднување и промовирање на постигнувањата на учениците.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца преку редовно прибирање информации за постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно. Во училиштето се организираат разни видови на формални и неформални средби со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Сите ученици ја завршуваат учебната година а нема ученици кои се упатуваат на продолжителна настава.

**Силни страни**

- Училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците според пол по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.
- Средниот успех на учениците во нашето училиште по предмети е на задоволително ниво за што придонесува големата ангажираност на наставниците, интересот и трудољубивоста на учениците и континуираната соработка со родителите.
- Континуираното следење на работата на учениците, транспарентноста на оценувањето и вклучувањето на учениците во процесот на оценување е уште еден фактор кој доведува до одлични постигнувања од кој се задоволни и наставниците и учениците и родителите.
- Училиштето ги идентификува учениците кои имаат потешкотии во учењето, како и учениците со пречки во развојот и го следи нивниот напредок.
- Учениците постигнуваат високи резултати на разни натпревари и учествуваат во голем број на воннаставни активности.
- Училиштето врши промовирање на постигнувањата на учениците преку истакнување на постигнатите резултати на веб сајтот на училиштето и на општината како и на разни настани организирани од училиштето.

- Училиштето доследно го применува утврдениот систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца преку редовно прибирање информации за напредокот и постигнувањата на учениците и давање на навремена, точна, транспарентна и конкретна информација на родителите за постигнувањата на нивните деца како и препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно, преку реализирање на формални и неформални средби меѓу родителите и предметните наставници, одделенскиот раководител и стручната служба
- Учениците редовно ја посетуваат наставата, бројот на неоправдани изостаноци е многу мал и незначителен.
- Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението за секој ученик. Постои соработка меѓу стручната служба, одделенските/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците.
- Училиштето на родителите им дава јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете за подобрување на успехот, редовност и дисциплина
- Преку формативното оценување на работата на учениците, континуирано се следи нивниот напредок, им се даваат повратни информации за истиот и на тој начин се врши подобрување на нивното постигање.
- Преку организирање на редовни родителски средби и чести индивидуални контакти родителите навремено се информирани за постигнувањата на нивните деца и се прават напори за постигнување на подобри резултати.
- Во училиштето редовно се организира, планира и реализира додатна и дополнителна настава, како и слободни ученички активности. Посебно внимание се посветува и на работата со деца со посебни образовни потреби и за таа цел успешно функционира Тимот за инклузија во училиштето

**Слаби страни**

- Постојат споредбени анализи кои укажуваат на разлики во постигнувањата помеѓу различни наставни предмети. Во училиштето во изминатиот период се реализирани обуки за формативно и сумативно оценување на учениците, но разликите сеуште постојат.
- Училиштето не ги анализира резултатите од дополнителната настава од аспект на придонес кон постигањата

**Приоритети**

- Усогласување на критериумите за оценување помеѓу различни наставни предмети
- Утврдување на ефектот од реализација на дополнителната настава врз постигањата на учениците.

| Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето |
| --- |
| **Опис/ резиме на подрачјето:**<br><br>Училиштето е препознатливо по одличниот имиџ и по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и континуирано остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива добар респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.Дисциплината на учениците главно задоволува. Постои работна атмосфера за време на часовите и вонnаставните активности. Од анкетите може да се заклучи дека почитувањето и соработката помеѓу учениците може да се подобри. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат дисциплината за време на настава. Во училиштето активно функционира Ученичкиот парламент. Во негови рамки, јасно е утврдена и функцијата на Ученичкиот Правобранител, со своја канцеларија. На ученичка иницијатива се организираат работилници, дебати,панел дискусии, форуми за промовирање на Правата на децата и разрешување на конфликтни ситуации и други проблеми. Вaботените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Во училиштето може да се продлабочат планирањето и реализирањето на активностите поврзани со локалната заедница преку спроведувања на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница, но истата може и треба да е продлабочи..Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата. Училиштето соработува и со невладиниот сектор, постојат добри практики во досегашната работа кои ги оценуваме како исклучително важни.<br><br>Во училиштето постојат безбедни услови за реализација на редовната настава и вон-наставните активности. Исто така има правилници и упатства за постапување во случај на елементарни непогоди и има обучени лица (кои поседуваат сертификати) за давање прва помош на учениците |

во случај на незгода. Нема појава на дискриминација на учениците по било која основа, а застапени се мал број на случаеви со насилно однесување, но за истите се преземаат соодветни мерки согласно Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување од страна на одговорниот и тимот за ненасилство во училиштето, во соработка со класен раководител и родител, како и со релевантни институции и Локалната самоуправа за спречување на девијантни појави во училиштето. Психологот има програма со која им се дава советодавна помош на учениците и родителите. Исто така во училиштето има засебни програми и тоа: Програма за грижа за здравјето на учениците, , програма за работа со учениците со потешкотии и посебни образовни потреби, програма за работа со надарени и талентирани ученици, програма за работа со Ученичката заедница, програма за превенција на насилното однесување, програма за работа со учениците со соци-емоционални потешкотии и сл. Се води сметка за квалитетна храна на учениците. Особено внимание се насочува за подршка на учениците со телесни пречки во развојот,а исто така се води грижа за ученици од социјално загрозени семејства. Хигиената е на високо ниво. Учениците се заштитени од болести преку редовни вакцини и систематски прегледи. Посебен акцент од страна на сите вработени во училиштето се става на заштита на децата од болести и други несакани ситуации. Се води грижа за здрава животна средина преку спроведените еколошки акции. На учениците им се дава советодавна помош за понатамошното образование. Има соработка помеѓу учениците родителите и наставниците и стручната служба за професионално насочување и ориентација на учениците. На учениците им се обезбедуваат информации за понатамошно образование. Професионална ориентација на учениците и родителите им е обезбедена преку користење на промотивни материјали (флаери, трибини,отворени денови,посети на училишта). Наставниците редовно водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Постои добра соработка меѓу стручната служба, наставниците и родителите за следење на напредокот на учениците. Се врши советување на родители чии деца се нередовни од страна на стручната служба, покажуваат несоодветно однесување или намален успех во учењето. Редовно се изготвуваат извештаи и анализа од страна на наставниците по класификациски периоди за паралелките врз индивидуалните евиденции за учениците. На истите редовно се врши увид од стручната служба и раководниот кадар, така што резултатите од анализите за напредокот по паралелки и за секој ученик се користат за подобрување на воспитно- образовниот процес.

**Силни страни**

- Се почитува Кодексот на однесување од сите субјекти.
- Полово-етничка дискриминација меѓу учениците не постои.
- Постои помагање и соработка меѓу учениците со различни способности.
- Постои соработка меѓу наставниците, стручната служба и директорот на училиштеот.
- Училиштето ги промовира сите ученици подеднакво.
- Училиштето има критериуми за оценување на учениците.

| |
|---|
| - Училиштето ја анализира и вреднува етничката, културната и верската разноликост во училиштето.<br>- Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците.<br>- Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.<br>- Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците.<br>- Во училиштето успешно функционира Ученичкиот парламент,во негови рамки и функцијата Ученички правобранител,со своја канцеларија.Тоа ја потврдува ученичката партиципација на демократски начин во сите сегменти.<br>- Сите чинители ги познаваат и промовираат правата на децата.<br>- Училиштето води подеднаква, севкупна грижа за сите ученици без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;<br>- Се води грижа за здравјето на учениците;<br>- Контуинирано следење на напредокот на учениците;<br>- Во училиштето постојат механизми за навремено справување со конфликти и секаква форма на насилно однесување согласно Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;<br>- Постои разработена стратегија за задоволување на емоционалните, физичките и психичките потреби на учениците;<br>- Училиштето соработува со институции од локалната средина и надворешни стручни лица (Поликлиника Ченто, МВР, Центар за социјална работа, Црвен Крст и др.)<br>- Планирање и реализирање на темите од ова подрачје од страна на училишниот психолог<br>- Училиштето им обезбедува на учениците секаков вид на информации за изборот на понатамошното образование<br>- Постои соработка со родителите на учениците;<br>- Постојана соработка со родители преку социјалните мрежи |
| **Слаби страни**<br>- Развивање на соработката помеѓу ученик, наставник и родител со цел подигање на свеста и сензитивизација на структурите од овој триаголник за меѓусебно почитување и справување со насилство.<br>- Соработка со локалната заедница и други институции за целосна помош и поддршка на сите ученици како и на училиштето како институција што е од големо значење за локалната заедница |

| |
|---|
| - Превенција и заштита од пушење, алкохол и дрога преку организирање на активна училишна кампања, работилници, панел дискусии и соработка со институциите од локалната заедница. |
| **Приоритети**<br>- Зајакнување на капацитетите кај учениците за меѓусебно почитување и разрешување конфликти.<br>- Зголемување на свеста кај учениците за штетноста од пушење, алкохол и дрога.<br>- Продлабочување на соработката со локалната средина. |

| **Подрачје 4. Управување, раководење и креирање политики** |
|---|
| **Опис/ резиме на подрачјето**<br><br>Органот на управување на училиштето - Училишниот одбор е конституиран на 08.02.2022 со решение број 02-60/2, во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, а мандатите на члековите се во законските рамки. Претседател на училишниот одбор е Коте Јанакиевски, член од редот на родителите. Работата на Училишниот Одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор заведен под бр. 02-90/9 од 16.02.2016 година, кој е доставен до членовите и се применува во работата на овој орган. Училишниот одбор има своја Годишна програма за работа, која е дел од Годишната програма за работа на училиштето. Седниците на Училишниот одбор ги закажува претседателот во соработка со директорот, а работата на Училишниот одбор е транспарентна, при што одлуките донесени на овие седници се истакнуваат на огласна табла. Училишниот одбор има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Членовите на Училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Квартално го следи трошењето на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br><br>Директор во училиштето е Наташа Тргачевска Мојсовски, именувана со решение бр. 08-3294/3 од 05.10.2020 од Градоначалникот на општина Гази Баба во втор мандат. Во склоп на Годишната програма за работа на училиштето се содржи и програма за работа на директорот на училиштето. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето, која е заедничка и е јасно вклучена во сите програмски документи кои се изработуваат во училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење на политики, планирање и обезбедување квалитет, за што има формирано голем број на тимови кои фнкционираат во училиштето. Директорот доделува одговорни задачи на кадарот, ги координира, следи и евалуира реализацијата на активностите, изготвува прегледи, извештаи, врши анализа и информира за резултатите. Заедно со Тимот за развојна програма, го следи процесот на реализација на акциските планови за реализација на развојната програма. Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите, при што се разгледуваат и се земаат во предвид иницијативите на Советот на родители и учениците (со ова се согласуваат 92,31% од наставниот кадар, 88,81% од родителите и 87,61% од учениците). Директорот на училиштето е постојано со тек со новините во образованието и преку континуирана соработка со наставниците, наставникот ментор и стручната служба ги имплементира во училиштето. . Работата на директорот е оценета со високо ниво на општиот увид од страна на БРО на 21.03.2024 во извештајот со деловоден број 10-19/540 добиен на 26.03.2024. Се оставува и редовна соработка со непосредната локална и деловна средина, како и граѓанските организации (посети, предвања, и сл.). Училиштето соработува и со останатите училишта на ниво на општина, како и пошироко на ниво на држава, но се вклучува и во меѓународни образовни мрежи. Особено сме горди на фактот што нашето училиште доби две признанија на европско ниво во рамки на интернационалната мрежа на СТЕМ училишта (ознака за експерт училиште), како и во рамки на заедницата на училишта кои промовираат кодирање (ознака за CodeWeek училиште). |

Наставата во општинското основно училиште „Крсте Мисирков“ Скопје се изведува во централното и подрачното училиште во с.Брњарци. Училишната зграда во централното училиште е од монтажен тип. Вкупната бруто површина на училиштето изнесува 17674 м2 (централно училиште) и 2355 м2 (подрачно училиште), односно нето површина 3271 м2 (централно училиште) и 124 м2 (подрачно училиште). Училиштето располага и со три спортски терени, библиотека и медиатека, како и 6 помошни простории. Наставата се изведува во 24 училници и спортска сала. Училиштето е изградено во 1963 година. Најголем дел од наставниците (84,60%) сметаат дека во училиштето постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на наставата и за организирање вонннаставни активности. Иако директорот има план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците, сепак јасна е потребата од изградба на нова училишна зграда која би го подобрила начинот на реализација на наставата.

Училиштето располага со најразлични наставни средства и материјали кои секојдневно се користат во наставниот процес со цел успешна и квалитетна реализација на наставата. Од резултатите добиени од спроведента анкета може да се констатира дека потребата од наставни средства и материјали се утврдува во договор со директорот на училиштето, а училиштето во согласност со своите можности ги обезбедува потребните наставни средства и помагала. Исто така, повеќе од 90% од наставниците сметаат дека училиштето навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.

Училишнаа библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Во библиотеката постои и компјутер со пристап до интернет, а се води и електронска база на податоци за постојната литература во библиотеката. Библиотеката е добро уредена, располага и со простор за читање и е отворена за користење од страна на наставниците и учениците во текот на целиот училишен ден.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Наставниот кадар е во согласност со нормативите, квалификуван и способен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Сите наставници се чувствуваат квалификувани и оспособени да ги преземат одговорностите во наставата и вонннаставните активности, а со тоа се согласуваат и 97,21% од родителите. Училиштето има педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор кои се соодветни според норматив и им ја пружаат неопходната поддршка на наставниците. Дури 95,10% од родителите сметаат дека можат слободно да бараат совет и поддршка од училиштето и стручната служба во однос на учениците. Наставниот кадар е соодветно распределен и најголем дел од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Наставниот кадар е редовно присутен во извршување на работните обврски и задачи. Сите отсуства од работа редовно се пријавуваат кај работодавниот орган. Отсуствата од работа се во согласнот со Законот за работни односи. Кога има отсутни наставници нема прекин во наставниот процес затоа што отсуствата навремено се пријавуваат и веднаш се прави нов распоред на реализација на наставата при што учениците не губат часови туку се заменуваат часовите на отсутните наставници кои потоа имаат задача да

ги надополнат изгубените часови со учениците. Редовноста на наставниците исто така се следи со евидентирање со картички на електронски апарат за време.

Професионалниот развој на наставниците се планира и реализира индивидуално, на ниво на стручни активи и на ниво на училиште. Секој наставник изработува личен план за професионален развој и го имплементира истиот, изготвувајќи извештај за неговата реализација. Сите наставници во училиштето имаат изготвено личен план за професионален развој во врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции наставниците и успешно ги идентификуваат компетенциите кои би сакале да ги подобрат преку разни обуки, семинари и конференции. Согласно анкетата со наставници скоро сите наставници (98,07%) успешно ги идентификуваат подрачјата за сопствен професионален развој, при што имаат поддршка од останатите наставници во рамки на стручните активи. Врз основа на личните планови за професионален развој, годишната програма за работа на училиштето, како и програмата за развој се изработува план за професионален развој на ниво на училиште и се следи неговата имплементација.

Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Наставниците во училиштето настојуваат да одржат чекор со сите модерни трендови и успешно да ја реализираат наставата со цел подигнување на квалитетот на истата и стекнување на трајни и применливи знаења. Согласно спроведената анкета со наставниците, 92,31% од нив сметаат дека во училиштето се поттикнати стручно да се усовршуваат. Сите наставници (100%) се задоволни од можностите за интерно и екстерно професионално усовршување, согласно со потребите, образовните реформи и современтите образовни текови. Професионалното усовршување се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки, но и на обуките кои ги следеле само дел од наставниците надвор од училиштето, со што се согласуваат 98.07% од наставниците. Притоа, професионалното усовршување во училиштето се остварува без да се наруши воспитно-образовниот процес во училиштето, за што грижа води директорот на училиштето, преку обезбедување на соодветна замена кога наставниците се отсутни од настава заради на различни форми на професионално усовршување. Во изминатите две години наставниците посетија поголем број на обуки, вебинари и конференции во насока на подобрување на нивните професионални компетенции, при што од особено значење се обуките за имплементација на новата Концепција за основно образование, како и обуките од БРО од Каталогот на акредитирани обуки од страна на МОН и БРО и тоа:

- Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата (подрачје Поучување и учење)
- Настава насочена кон постигнување на резултати од учење од повисоко ниво (подрачје Поучување и учење)

- Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми (подрачје Поучување и учење)
- Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците (подрачје Создавање стимулативна средина за учење)
- Справување со врсничко насилство и кибернасилство (подрачје Создавање стимулативна средина за учење)
- Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици (подрачје Социјална и образовна инклузија)
- Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) (подрачје Професионален развој и професионална соработка)
- Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима (подрачје Работа со наставниците) – обука која ја посетија стручните соработници во училиштето

Освен организираните форми на професионален развој наставниците учествуваа и на голем број вебинари, обуки, работилници, конференции и слично, со цел зајакнување на своите професионални компетенции.

Во училиштето успешно се реализираат и различни облици на хоризонтално учење. Стручните активи во училиштето ги реализираат своите програми за работа во кои се застапени следните активности: комуникација, размена на професионално искуство, отворени часови во одделенска и предметна настава, работилници според потребите на наставниците, презентации, решавање на одредени проблеми итн. Исто така беа организирани и различни форми на интерни работилници спроведени од наставниците во училиштето. Наставниците Анета Придаенкоска и Маја Виденовиќ реализираа обука за користење на разни извори, материјали и средства во процесот на учење вклучувајки и безбедно користење на ИКТ. Во насока на подобрување на квалитетот на следење на постигањата на учеиците и давање на позитивна и конструктивна повратна информација во училиштето се реализираше интерна обука од страна на наставниците Анита Ангеловска и Маја Виденовиќ - Обука за примена на Националните стандарди во поучувањето и во оценувањето на учениците и сумативно оценување. Наставникот Маја Виденовиќ реализираше и работилница за Примена на генеративна вештаќка интелигенција во образованиеto од страна на наставникот ментор на која наставниците се оспосонија за примена на најсовремени технолошки трендови во својата работа. Во училиштето е формирана и „заедница за учење" координирана од наставникот по информатика Маја Виденовиќ, кои заеднички следат обуки, соработуваат, учат едни од други и си помагаат заеднички надминувајќи одредени бариери (јазични, дигитални, во однос на вештини за кодирање итн.).

Согласно законската регулатива за професионален и кариерен развој, во училиштето има наставник ментор – наставникот по информатика Маја Виденовиќ, која редовно изготвува програма за работа, а во изминатите две години имаше и наставници приправници за кои изготвено и програма за работа со наставник приправник и водеше дневник за менторство. Најголем дел од наставниците (86.54%) сметаат дека во училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во наставата. Стручните соработници за наставниот кадар уредно водат педагошки картон за професионален развој,

односно професионални досиеја во кои се евидентираат сите признанија сертификати, дипломи и сл. Овие професионални досиеја редовно се ажурираат. Училиштето ги следи законските рамки за реализација на приправничкиот стаж а во училиштето има и наставник ментор кој им ја дава неопходната поддршка на наставниците почетници за што има изготвено програма за менторство и редовно води дневник за менторство. При вработување и распределба на кадарот се земаат предвид соодветната квалификација, искуството и експертизата на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата. Наставникот ментор им ја дава неопходната поддршка во работењето и следењето на сите образовни трендови на наставниците во училиштето.

Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие, со што се согласуваат и 96.15% од наставниците. Според 92,31% од наставниот кадар за овие часови добива и конструктивна повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за успешно следење на наставниот час.

Училиштето има процедури за креирање на училишните политики во кои се вклучени наставниците, родителите и учениците како и  секторот за образование од основачот - Општината. Учениците и родителите се запознаени со целите, начелата и вредностите на училиштето, исто така и со начинот на нивното остварување и подобрување. Информирањето на сите заинтересирани субјекти се врши со доставување на писмени документи до субјектите, со писмени документи поставени на огласна табла но и усно на индивидуални или групни состаноци и средби.  Вработените во училиштето како носители на поголемиот број активности во соработка со учениците, пред се учениците - членови на ученичката заедница како носители на активности  на ученичката заедница и родителите се залагаат за остварување на примарните цели на  училишната политика но и за континуирано унапредување на истата. Училиштето ги подржува иницијативите произлезени од ученичката заедница и родителите. Примарните цели како  пренесување знаења, воспитување, развивање животни навики на учениците се остваруваат преку континуирано следење и вреднување на работата на учениците во рамки на редовната настава, воннаставните активности и  натпреварите, континуирано следење на редовноста на наставата, и функционирањето на триаголникот ученик-наставник-родител. Во креирањето на политиката вклучена е и безбедноста и грижата за здравјето на учениците. Училиштето има Куќен ред, Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор. Во насока на безбедноста училиштето има изработено и Протокол за потапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Унапредување на училишната политика се врши преку континуираната работа на училиштето за унапредување на инклузијата на децата со попреченост во училиштето со вклучување на инклузивниот тим во проекти во соработка со образовниот сектор од општината и претставници на стручните тела за функционална проценка, преку едуцирање и учество  на наставниот кадар на вебинари, обуки, со цел да се постигне вреднување на различностите, промовирање еднаквост и недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик.

Во училиштето наставниот кадар соработува во училишни тимови кои делуваат соогласно годишната програма и истиот во рамки на Наставничкиот совет како највисок стручен орган со кој раководи директорот на училиштето, се грижи за воспитно-образовниот процес.

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставникот ментор, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање (според 98.08% од анкетираните наставници, 95,80% од анкетирааните родители, како и 85,13% од анкетираните ученици). .

Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели, како и план за следење и евалуација на развојната програма, кој во најголем дел ја почитува динамиката за следење и реализација. Ситуацијата со Ковид-19 доведе до одредени отстапки во динамиката на реализација на акциските планови.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Финансовиот план за 2023 година е разгледан и усвоен од страна на Училишниот одбор на 10.02.2023 а финансовиот план за 2024 на ден 24.01.2024. Финансискиот извештај за 2023 е разгледан и усвоен од страна на Училишниот одбор на 23.02.2024, додека финансискиот извештај за 2024 е усвоен и разгледан на 22.02.2024. Финансовиот извештај за Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

**Силни страни**

- Раководниот орган на училиштето има воспоставено партнерски однос со членовите на Училишниот одбор;
- Вработените, Училишниот одбор и родителите покажуваат посветеност на придонесот во работата на училиштето;
- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето
- Поддршката и помошта на учениците што училиштето ја дава и обезбедува е битен услов за севкупниот негов напредок;
- Почитување и спроведување на законската регулатива
- Училиштето има донесено повеќе интерни правилници со кои се регулира однесувањето на учениците, нивното наградување и изрекување педагошки мерки, упис на учениците, менторска работа со приправници и сл;
- Постапката за креирање на училишната политика е преку давање предлози и учество на наставниците, родителите и учениците во различни тимови;
- Училишниот простор ги исполнува условите за реализација на наставата согласно Нормативот за реализација на настава

- Во училиштето се реализираат голем број на активности за подобрување на училишната инфраструктура и создавање ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на наставата и за организирање вонннаставни активности.
- Во училиштето максимално се користат расположливите капацитети за реализација на наставата и воннаставните активности
- Училиштето располага со најразлични наставни средства и материјали кои секојдневно се користат во наставниот процес со цел успешна и квалитетна реализација на наставата, и истите континуирано се усовршуваат.
- Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот научилиштето.
- Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно со нормативите.
- Во училиштето има наставник-ментор кој им ја пружа неопходната поддршка на наставниците за имплементација на иновативни приоди во наставата и следење на промените во воспитно образовниот систем.
- Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.
- Наставниот кадар се распоредува според стручност, и постојат механизми за брза и соодветна замена при отсуство на наставен кадар.
- Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој, согласно основните професионални компетенции, успешно идентификувајќи ги подрачјата за сопствен професионален развој.
- Се изработува план за професионален развој на ниво на училиште согласно личните планови за професионален развој, резултатите од самоевалуацијата и програмата за развој ан училиштето.
- Училиштето има добра практика за дисеминирање на искуствата здобиени од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот.
- Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми.
- Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства.
- Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.

**Слаби страни**

- Училишната библиотека не поседува современи образовни ресурси.
- Училиштето е дотраен објект од времен карактер кој не нуди просторни услови за спроведување на повеќе воннаставни активности согласно новата Концепција за основно образование

**Приоритети**

- Осовременување на ресурсите во училишната библиотека и нејзино претворање во медијатека, со цел нејзино усовршување во согласност со равзојот на технологијата.
- Подобрување на просторните услови преку изградба на нова училишна зграда која ќе овозможи целосно имплементирање на современ воспитно образовен процес.

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

- Поголемо вклучување на учениците во планирањето и реализирањето на воннаставните активности
- Зајакнување на капацитетите кај учениците за меѓусебно почитување и разрешување конфликти.
- Зголемување на свеста кај учениците за штетноста од пушење, алкохол и дрога.
- Осовременување на ресурсите во училишната библиотека и нејзино претворање во медијатека, со цел нејзино усовршување во согласност со равзојот на технологијата.
- Подобрување на просторните услови преку изградба на нова училишна зграда која ќе овозможи целосно имплементирање на современ воспитно образовен процес.

Комисија за спроведување на СЕУ: